МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Улогата на полицијата во кривичната постапка

СТУДЕНТ: **КИРО ТРАЈКОВСКИ**
БРОЈ НА ИНДЕКС: М 207014
МЕНТОР: **ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКА**

Свети Николе, 2021

Апстракт

Во овој магистерски труд се прикажува важноста на полициските дејствија во самата кривична постапка. Посебно внимание е посветено на односите помеѓу Полицијата и Јавното обвинителство, согласно Законот за кривична постапка, каде е неопходна континуирана соработка на двата субјекти. Улогата на Полицијата во предистражната постапка има пресудно значење за одвивањето на понатамошната кривична постапка.

Полицијата е таа којашто најчесто прва дознава за постоењето на кривично дело и ги презема потребните мерки за докажување на истото, во координација со Јавното обвинителство. Прибирањето на доказите кои ги обезбедува за да ја докаже вината кај осомниченият или сторителите, треба да го прави на правно дозволен начин, сè со цел да се заштитат основните човекови права и слободи. Непочитувањето и кршењето на човековите права и слободи при собирањето на докази во предистражната и истражната постапка го негира легалното стекнување на тие докази и поради тоа истите не можат и не смеат да се употребат во водењето на кривичната постапка. Па така, за успешно извршување на нејзините задачи, полицијата ги применува законски дадените овластувања кои се опфатени во овој магистерски труд.

Клучни зборови: полиција, полициски овластувања, кривични дела, јавен обвинител и кривична постапка.

Abstract

This master's thesis shows the importance of police actions in criminal procedure. There is a special focus on the relations between the police and the public prosecutor's office in accordance with the law on criminal procedure, where the continuous cooperation of the two entities is necessary.

The role of the police in the pre-investigation procedure is crucial for the conduct of further criminal proceedings. It is the police who are usually the first to find out about the existence of a crime and take the necessary measures to prove it in coordination with the public prosecutor's office. Gathering of the evidence, which is provided to prove the guilt of the suspect or perpetrators should be done in a legally permissible manner, in order to protect fundamental human rights and freedoms. The non-observance and violation of human rights and freedoms in the collection of evidence in the pre-investigation and investigative procedure deny the legal acquisition of that evidence and therefore they can not and must not be used in the conduct of criminal proceedings. Thus, in order to successfully perform its tasks, the police apply the legally given powers that are covered in this master's thesis.

Keywords: police, police powers, crimes, public prosecutor, and criminal proceedings.

СОДРЖИНА

I. ВОВЕД.....07

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....09

Проблем, предмет и цел на истражување.....**09**

Проблем на истражување.....**09**

Предмет на истражување.....**10**

Цели на истражување.....**11**

Хипотези на истражување.....**13**

Методи и техники на истражување.....**15**

Оправданост на истражувањето.....**16**

ГЛАВА 1

1. ПОСТАВЕНОСТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО ДЕМОКРАТСКОТО ОПШТЕСТВО И НЕЈЗИНАТА УЛОГА ВО ПРЕТХОДНАТА ПОСТАПКА.....17

1.1. Поставеноста на полицијата во демократското општество.....**17**

1.2. Улогата на полицијата во општеството и во државата.....**20**

1.3. Полицијата како државен орган.....**23**

1.4. Полициска организација.....**24**

1.5. Влијание на организацијата на полицијата врз полициското работење - нов модел на работа бара нова организација.....**25**

1.6. Реактивно и проактивно полициско работење во борбата против криминалот.....**27**

1.7. Улогата на полицијата во претходна постапка.....**30**

1.8. Предистражна постапка.....**31**

1.9. Полициски извиди.....**33**

1.10. Улогата на полицијата во истражна постапка.....**35**

1.11. Причини за напуштање на судската истрага.....**36**

1.12. Граници на автономија на полицијата.....**38**

ГЛАВА 2

2. УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА.....41

2.1. Поим за полиција и нејзината работа.....**41**

2.2. Овластувања и должности на полицијата.....**44**

2.2.1 Повикување.....**47**

2.2.2 Приведување.....**49**

2.2.3 Лишување од слобода.....**50**

2.2.4 Задржување.....**51**

2.2.5 Потрага по лица и предмети.....**53**

2.2.6 Насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства.....**55**

2.2.7 Привремено одземање на предмети.....**57**

2.2.8 Преглед или претрес на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувањаи други правни лица и увид во определена нивна документација.....**58**

2.2.9 Сопирање, легитимирање и преглед или претрес на лица, превозни средства и багаж.....**59**

2.2.10 Вршење на увид на местото на настанот.....**60**

2.2.11 Земање отпечатоци, примерок за ДНК-анализа и фотографирање.....**61**

2.2.12 Препознавање на лица.....**61**

2.2.13 Примање на кривична пријава.....**62**

2.2.14 Поднесување на кривична пријава.....**64**

2.3. Посебни истражни мерки.....**65**

ГЛАВА 3

3. ПОЛИЦИЈАТА И ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО.....66

3.1. Функција и должности на јавниот обвинител.....**66**

3.2. Постапување на Јавното обвинителство по кривичните пријави.....**69**

3.2.1. Проверка на кривичната пријава....**70**

3.2.2. Отфрлање на кривичната пријава....**72**

3.2.3. Поведување истражна постапка....**73**

3.3. Односот помеѓу јавниот обвинител и полицијата во новиот Закон за кривична постапка....**74**

3.4. Полицијата во истражните центри на Јавното обвинителство....**77**

3.5. Раководење на јавниот обвинител со полицијата....**78**

ГЛАВА 4

4. УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО ДРУГИ ЗЕМЈИ....80

4.1. Босна и Херцеговина....**80**

4.2 Република Хрватска....**82**

4.3. Република Словенија....**84**

4.4. Република Италија....**86**

4.5. Сојузна Република Германија....**88**

4.6. Република Франција....**90**

4.7. Велика Британија....**92**

ГЛАВА 5

ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ....95

5.1. Квалитативна анализа и доказ на хипотезите....**137**

5.2.Доказ на посебната хипотеза 1....**138**

5.3. Доказ на посебната хипотеза 2....**139**

5.4. Доказ на посебната хипотеза 3....**141**

5.5. Доказ на посебната хипотеза 4....**143**

5.6. Доказ на генералната хипотеза....**145**

ЗАКЛУЧОК....146

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....148

ПРИЛОЗИ....155

I. ВОВЕД

Основна функција на полицијата е заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, загарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството, како што се пропишува во Законот за полиција.

Казненото процесно законодавство на Република Македонија со реформите ги достигна европските стандарди за модернизација, коишто придонесоа за заштита на човековите слободи и права. Со последните измени и дополнувања на Законот за кривична постапка се направи голема реформа во кривичното процесно право. Најзначајна реформа е јакнењето на улогата на јавниот обвинител во новиот модел на кривичната постапка, пред сè поради подобрување на ефикасноста во предистражанта и истражната постапка на сите субјекти, односно овластените службени лица од државните институции кои се дел од таканаречената правосудна полиција, во која спаѓаат и полициските службеници од Министерството за внатрешни работи. Ваквата улога на јавниот обвинител треба да придонесе во спречувањето на незаконското постапување и прибирање на докази од страна на полицијата во текот на претходната постапка. Полициското постапување е правно регулирано во меѓународното право, како и во највисоките правни акти на Република Македонија, пред сè, кога станува збор за почитувањето на човековите права и слободи. Полициското работење е тесно поврзано со човековите права и слободи, затоа постапувањето на полициските службеници е содржано во одредбите на: Законот за кривична постапка, Законот за полиција и Законот за јавното обвинителство. Во претходната постапка се обезбедуваат доказите за постоење на кривично дело и доказите за постоење на вина на некое лице, што е причина за понатамошно водење на кривичната постапка. Полицијата е субјект во претходната постапка, нејзина задача е да го докаже постоењето на кривичното дело и да ги прибере потребните докази за докажување на вината на осомничениот. Полициските службеници истражните дејствија ги остваруваат преку примената на нивните овластувања. Овие овластувања на полициските службеници

се дел од правната регулатива. При примената на законски дадените овластувања полициските службеници треба да ги почитуваат меѓународните и државните правни стандарди кои се однесуваат на заштитата на човековите слободи и права. Со реформите во кривичната постапка не се менува улогата на полицијата, односно нејзините задачи во претходната постапка остануваат исти. Новиот модел на кривичната постапка налага континуирана комуникација помеѓу Полицијата и Јавното обвинителство. Пред донесувањето на новиот Закон за кривична постапка овие односи помеѓу Полицијата и Јавното обвинителство се дел од одредбите на Законот за јавното обвинителство од 2008 година. Во новиот модел на кривичната постапка не постои истражниот судија, со што му се доделуваат повеќе надлежности и обврски на јавниот обвинител, којшто раководи со претходната постапка. Приоритет на јавниот обвинител е да обезбеди релевантни докази со помош на правосудната полиција, во која спаѓаат полициските службеници од Министерството за внатрешни работи. Овие докази треба да бидат прибирани на законит начин. Полицијата е должна навремено да го известува јавниот обвинител за добиените сознанија и преземените дејствија по пријавувањето на кривичното дело, а исто така има обврска да постапува по наредбите и насоките на јавниот обвинител.

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во секое научно истражување потребни се детални и соодветни методолошки техники. За самото научно истражување потребно е да се применат соодветни методолошки техники, односно соодветни научни методи. Во рамките на овој дел ќе биде направено едно презентирање и претставување на методолошкиот пристап, којшто ќе биде искористен за изработката на овој магистерски труд. Посебно во овој дел на трудот ќе биде разработен проблемот на научното истражување, предметот на научното истражување, како и целта на научното истражување. Основните категорични концепти на научното истражување се манифестираат преку начините на изработка на трудот, преку оправданоста за изработка на темата, како и соодветното дефинирање на главната и помошните хипотези на истражувањето.

Проблем, предмет и цел на истражувањето

Проблем на истражувањето

Соочени со фактот дека живееме во едно динамично општество, врвен предизвик во изминативе неколку децении за сите општества стана безбедноста и безбедносните прашања. Секое општество се труди преку развојот на своите безбедносни системи да го подигне нивото на безбедност во државата и да ја гарантира елементарната сигурност на граѓаните. Тоа подразбира безбедност на уставно-правниот поредок, одржливост на економскиот систем, на културните и цивилизациските вредности, итн.

Како што знаеме, во почетокот на 21 век се случија многу настани кои беа директно насочени во нарушување на светската безбедност и доведоа до многу човечки жртви и материјални загуби. Ниту една држава повеќе не е имуна на заканите кои се насочени директно кон загрозување на основните општествени вредности. Тука се и климатските промени кои се случуваат на глобално ниво. Како што знаеме, секојдневно сме соочени со одредени елементарни непогоди, кои исто така директно се одразуваат врз

општествените вредности. Во едни вакви услови, способноста на безбедносните системи да одговорат на новите безбедносни предизвици стана приоритет на секоја држава. Криминалот се доживува како реална закана, па државните органи и агенции сè повеќе се ангажирани во спротивставување на криминалот, во намалување на стравот од криминал и асоцијалните однесувања.

Во голем број земји спроведените истражувања за моделот на полициско работење и улогата на полицијата во кривично-правниот систем во соработка со заедницата, дојдоа до различни резултати за корисноста и успехот на овој модел, што е и очекувано, бидејќи постојат различни разбирања на моделот, различни стратегии за негово спроведување и, што е најважно, различни услови во кој моделот се спроведува во зависност од индивидуалните состојби во секоја земја. Познато е дека при реализирање на намерата да се спроведе реформа во која било општествена сфера не постои нешто како што велат Англичаните „One size fith oll“, туку е потребно т.н. добри практики да се прилагодат на конкретните историски, културни, економски, политички, социјални и други состојби во секоја конкретна земја. Уште повеќе, моделот на полициско работење во соработка со заедницата, за да биде функционален и да можат да се очекуваат резултати, мора да се прилагоди на националните, регионалните, а особено на локалните состојби. Во основата на овој модел е насоченоста на полицијата кон безбедносните потреби на луѓето на одредена територија, но посебно кон потребите на различните заедници (како што се религиозни, етнички, јазични, професионални, спортски и сл.) кои живеат на таа територија.

Па така, можеби најважниот сегмент на полицијата е нејзината улога во кривично-правниот систем на една држава, и оттука произлегува и самиот наслов на овој магистерски труд - **Улогата на полицијата во кривичната постапка.**

Предмет на истражувањето

Прашањето за безбедноста на државата е комплексно прашање кое треба да се разгледува од повеќе аспекти. Еден од тие аспекти е анализата на криминалот,

нарушувањата на јавниот ред и мир, како и на чувството на страв од криминал кај граѓаните. Па така, обемот, динамиката и одредени феноменолошки карактеристики на криминалитетот ќе бидат предмет на обработка. Конкретно, станува збор за состојбата (обемот, видот, динамиката) со насилничкиот и со имотниот криминал, со коишто се напаѓа животот, телесниот интегритет на човекот, неговата безбедност, правото на слободно живеење, имотот и сопственоста и состојбата со нарушувањата на јавниот ред и мир кои го нарушуваат правото на мирно и непречено живеење, хармонијата и безбедноста во заедницата. Друг аспект при анализата на безбедноста во Република Македонија е обидот да се одгатне загатката за причините за криминалот, но тоа е како да сакаме да го одврземе „Гордиевиот јазол“. Бидејќи, покрај индивидуално, тој е и општествено условен, причините треба да се истражуваат во конкретни општествени средини, во одредени културно-политички и општествено-економски услови во даден временски период. Во прилог на тоа, предмет на анализа се и одредени макросоцијални фактори, коишто се тесно поврзани со социјалните ризици врз кои е изложен граѓанинот во Република Македонија. Тие се однесуваат на сиромаштијата, квалитетот на живот и нееднаквоста, социјалната заштита, миграциите и процесот на урбанизација на целата држава.

Трет и мошне значаен аспект при проучувањето на безбедноста се превентивните политики и пристапи во превенција на криминалитетот, на национално и на локално ниво. Имајќи ја, исто така, предвид комплексноста на ова прашање, предметот на истражување го ограничивме и го насочивме кон улогата на полицијата во самата постапка базирана на заедницата, кој подразбира промена на условите во соседството што придонесуваат за појавата на криминални однесувања, виктимизација и чувство на страв кај граѓаните со помош на изградба на иницијативи, експертиза и прифаќање на одговорност од страна на членовите на заедницата. Во тој дел, предметот опфаќа два аспекти на проучување: улогата на заедницата и улогата на полицијата во заедницата и улогата на полицијата во самата кривична постапка.

Цели на истражувањето

Во ова истражување се поставени две цели, и тоа научна и практична цел. Општественото и научно значење и оправданост за проучувањето на улогата на полицијата во кривичната постапка е детерминирано од повеќе фактори. Во борбата против криминалот, и формалната и неформалната општествена реакција треба да се засноваат врз принципите на општествена и колективна одговорност и општествена правда, што е услов за подобрување на безбедноста во државата и во едно современо општество. Исто така, вниманието свртено кон истражувањето на улогата на граѓаните и на полицијата во превенција на криминалитетот, како и кон одредени феноменолошки и етиолошки карактеристики на криминалните и девијантни однесувања овозможува валоризација на факторите што го одредуваат степенот на нивната успешност и ефикасност во намалување на криминалот и подобрување на безбедноста. Покрај тоа, општествената оправданост на истражувањето ја гледаме во интересот на општеството, преку проучувањето на функционирањето на полициската служба и граѓаните, да ги елиминира или ублажи факторите и заканите што негативно влијаат врз нивната заедничка соработка и партнерство.

Додека пак, научната цел е да се добијат нови сознанија за областа која се истражува, односно за улогата на полицијата во кривичната постапка, особено за придонесот и позитивните резултати што ги дава полицијата во претходната постапка во делот на собирање докази и откривањето на сторителот (односно сторителите) и изведување на истите пред лицето на правдата. Тие сознанија можат да бидат проверени и верификувани или отфрлени преку соодветно проучување и истражување во наши специфични услови. Исто така, спроведувањето на моделот полициско работење и улогата на полицијата во кривично-правниот систем, заснован врз начелата на партнерство, соработка и доверба меѓу полицијата, граѓаните и Јавното обвинителство треба да претставува практична реализација на теоретските концепции. Во таа смисла, моделот на полициско работење воведен и во Република Македонија предизвика одредени содржински, организациски и институционални промени во самото полициското работење.

Практичната цел од ова истражување е добиените резултати да се стават на располагање на полициските службеници, нивните старешини, и на Јавното обвинителство, па истите врз база на нив да си ја подобрат и олеснат својата работата и нивното постапување од една страна, и полесна меѓусебна комуникацијаа и координација од друга страна.

Хипотези на истражувањето

Генерална хипотеза

- **Доколку** канцеларијата на јавниот обвинител се наоѓа во просториите на секој Сектор за внатрешни работи при МВР, **тогаш** значително ќе се зголеми ефикасностана во прибирање на докази за сторено кривично дело, а со тоа и самата улога на полицијата во кривичната постапка од досегашниот традиционален начин на работа.

Посебна хипотеза 1

- Прибирањето докази за сторено кривично дело од страна на Полицијата по барање на Обвинителството е една од основите за покренување на обвинителен акт од страна на Обвинителството.

Независна варијабла: Координирано постапување на ОЈО и Полицијата.

Индикатори: Искази на испитаниците, односно на полициските службеници за координираното постапување на Полицијата и ОЈО (тврдења од анкетниот прашалник со реден бр. 1, 2 , 3, 4, 5 и 6).

Зависна варијабла: Успешно покренување на обвинителен акт од страна на ОЈО.

Индикатори: Искази на испитаниците, односно полициските службеници за покренувањето на обвинителниот акт од страна на јавниот обвинител (тврдења од анкетниот прашалник со реден бр. 7, 8, 9, 10 и 11).

Посебна хипотеза 2

- Како собраниот доказен материјал од страна на Полицијата влијае врз кривичната постапка.

Независна варијабла: Собирање на доволно доказен материјал во предистражна постапка од страна на Полицијата.

Индикатори: Искази на испитаниците, односно на полициските службеници за тоа како доказниот материјал кој е собран во предистражната постапка влијае врз кривичната постапка (тврдења од анкетниот прашалник со реден бр. 12, 13, 14).

Зависна варијабла: Успешно водење на кривичната постапка без ниту еден пропуст.

Индикатори: Искази на испитаниците, односно на полициските службеници за самото водење на кривичната постапка (тврдења од анкетниот прашалник со реден бр. 15, 16, 17, 18, 19, 20 и 21).

Посебна хипотеза 3

- Полицијата, во својство на сведок во судската постапка од аспект на изведување и презентација на доказниот материјал.

Независна варијабла: Полицијата – сведок во судската постапка.

Индикатори: Искази на испитаниците, односно на полициските службеници за Полицијата како сведок во судската постапка (тврдења од анкетниот прашалник со реден бр. 22, 23, 24 и 25).

Зависна варијабла: Поврзување на сторителот/сторителите со кривичното дело преку презентирање и изведување на доказниот материјал.

Индикатори: Искази на испитаниците, односно на полициските службеници за поврзувањето на сторителот, односно сторителите со кривичното дело преку презентација и изведување на доказниот материјал пред надлежен суд (тврдења од анкетниот прашалник со реден бр. 26, 27, 28, 29, 30 и 31).

Посебна хипотеза 4

- Подобра и поблиска соработка помеѓу Јавното обвинителсво и Полицијата, ќе придонесе значително да се намали прекршувањето на човековите права и слободи.

Независна варијабла: Подобрување на соработката помеѓу ЈО и Полицијата.

Индикатори: Искази на испитаниците, односно на полициските службеници за подобрување на самата соработка помеѓу Јавното обвинителство и Полицијата (тврдења од анкетниот прашалник со реден бр. 32, 33, 34 и 35).

Зависна варијабла: Значително придонесува да се намали прекршувањето на човековекоите права и слободи кои се загарантирани со Уставот (како највисок правен акт) и ратификуваните меѓународни договори.

Индикатори: Искази на испитаниците, односно на полициските службеници за тоа како да се намали прекршувањето на човековите права и слободи (тврдења од анкетниот прашалник со реден бр. 36, 37, 38, 39 и 40).

Методи и техники на истражување

Истражувањето ќе се спроведе на репрезентативен број од 264 испитаници, кои се припадници на различни организациони единици во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Анкетирани ќе бидат полициски службеници од Секторот за внатрешни работи – Скопје, Сектор за внатрешни работи – Куманово, Сектор за внатрешни работи Тетово, Сектор за внатрешни работи – Велес, Сектор за внатрешни работи – Штип, Сектор за внатрешни работи Струмица, Сектор за внатрешни работи Битола, Секторот за внатрешни работи – Охрид. Испитаниците ќе бидат со различен степен на образование, на различна возраст и со различен чин. Овие испитаници ќе се анкетираат во текот на месец октомври 2021 година на претходно наведените локации каде што се наоѓаат и самите организациони единици на Министерството за внатрешни работи.

Во истражувањето ќе се употреби техниката на истражување:

- Анкета;

За мерни инструменти ќе се користат:

- Анонимен прашалник за истражување од затворен тип, составен од 40 тврдења, наменски изработен исклучиво за потребите на овој магистерски труд.

Од истражувањето се очекува да даде податоци за тоа:

- Колку е важно прибирањето докази за сторено кривично дело од страна на полицијата, по барање на Обвинителството;
- Колку важна улога игра Полицијата и Јавното обвинителство да постапуваат координирано;
- Колку важна улога игра собраниот доказен материјал од страна на Полицијата и колку истиот влијае врз кривичната постапка и со самото тоа врз самиот обвинителен акт;
- Колку е важно успешно да се води кривичната постапка без да се направи ниту еден пропуст;
- Колку е важна улогата на полицијата во својство на сведок во самата кривична постапка;
- Колку е важно да има подобра и поблиска соработка помеѓу Јавното обвинителство и Полицијата, толку таа соработка ќе придонесе за значително да се намали прекршувањето на човековите права и слободи.

Оправданост на истражувањето

Овој магистерски труд има јасно поставена научна и истражувачка оправданост. Научната оправданост на самото истражување се согледува во потребата од систематизирање на научно-теоретските сознанија за деталната состојба на улогата на полицијата (а со тоа и на полициските службеници) во самата кривична постапка.

Дополнително, преку изработката на трудот се очекува да се збогати стручната литература која го разработува прашањето на полициската улога во кривично правниот систем на нашата Република.

Истражувачката оправданост на магистерскиот труд е тесно поврзана со научната оправданост. Едно вака поставено истражување ќе биде од голема помош и од голема важност на сите институции кои се занимаваат со прашањето за улогата на полицијата во кривичната постапка, како во национални, така и во меѓународни рамки.

ГЛАВА 1

1. ПОСТАВЕНОСТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО ДЕМОКРАТСКОТО ОПШТЕСТВО И НЕЈЗИНАТА УЛОГА ВО ПРЕТХОДНАТА ПОСТАПКА

1.1. Поставеноста на полицијата во демократското општество

Денешното современо општество се развива на комплексен начин во кој нашето индивидуално однесување станува интерес на различни форми на социјална контрола. Живееме во историски период во кој контролниот апарат се реконфигурира. Евидентно е дека контролниот механизам е многу комплексен и во него се вклучени многу државни и недржавни агенции кои користат бројни техники и стратегии, со што контролата станува посистематска и поинтензивна.[1] И во кривично процесното право и во останатите т.н. „помеки“ делови на контролниот механизам, сè повеќе луѓе се предмет на некаков вид контрола. Чувството на зголемена контрола и нејзино проширување и интензивирање може да се припише на тоа што одредени технологии станаа пософистицирани, овозможувајќи многу полесно пенетрирање во она што го разбираме како приватна сфера. Современиот технолошки развој претставува само продолжување на долготрајниот историски тренд на практикување општествена контрола, каде разликите во техниките и методите генерираат нови можности. Овој развој ја носи опасноста секој облик на наше

[1] Stewart R. Clegg, David Courpasson, Nelson Phillips, Power and Organizations, SAGE Publications London стр. 194

дејствување и активност да може да биде предмет на контрола. Навистина можностите што ги нуди новата информатичко-комуникациска технологија се огромни и нивното имплементирање е лимитирано само со финансиските средства што им се на располагање на контролните агенции.

Традиционалниот систем на стратификација се распадна, а традиционалниот морал (норми) сè помалку е задолжителнен од тоа што беше порано. Луѓето станаа помобилни, што го зголеми чувството на меѓусебна поврзаност, но во исто време многу луѓе се чувствуваат незаштитено и бараат чувство на сигурност. Гиденс тоа го нарекува дифузна небезбедност, која условува важни промени во логиката и практиката на социјалната контрола.[2]

Живееме во период на длабока ревизија во однос на некои основни социјални структури, институционални и организациски уредувања и на начинот на кој разбираме кои сме ние и светот околу нас. Овде, пред сè, мислиме на трансформацијата на логиката на капитализмот, промените во составот и улогата на државата и најзините институции, брзината и развојот на мрежните форми на општествената организација, растегливото и флуидно чувство за идентитетот и промената во секојдневното размενување и интерпретирање на информациите преку медиумите за интерперсонално и масовно комуницирање.

Присуството на страв и несигурност е основниот поттик за артикулирање на барањата за поголема и подобра контрола. Бројните форми на ризик овозможуваат посебен начин на размислување за потенцијалните проблеми, за кои се бара да бидат контролирани од државата. Се покажува дека ризикот е многу важен елемент на трансформацијата на општествената контрола.[3] Бидејќи криминалот се доживува како симболичка, но и реална закана за човековата безбедност, зголемен е бројот на различни институции кои земаат учество во контролата на криминалот. На пример, промените во архитектурата и новите дизајни ја прифатија идејата за природно следење со намера да се

[2] Giddens, A. (1991). Modernity and Self-Identity. во Martin Innes, Understanding social control Deviance, crime and social order, Open University Press,2003
[3] Paul C. Stern and Harvey V. (1996). Fineberg, editors, Understanding Risk, Informing Decisions in a Democratic Society, NATIONAL ACADEMY PRESS, Washington, D.C.

открива криминалот. Институциите за социјална помош добија поголеми законски овластувања со цел да можат да откриваат лажни барања за помош, па нивната функција сè повеќе се доближува кон контролирање на луѓето, отколку во функција на помагање.[4] Јавните и приватните организации се поврзуваат меѓу себе со градење мултиагенциско партнерство, кое честопати ги надминува воспоставените меѓусебни граници и поле на законско дејствување. Воведувањето на моделот на плурално полициско работење, во кој ќе учествуваат и полицијата и други јавни и приватни институции (како банки, болници, трговски друштва и др.) создава ситуација во која, спроведувајќи ги партнерските проекти за контрола на криминалот и нарушувањата на јавниот ред, ги става луѓето во ситуација да бидат субјект на контрола, но едновремено и да учествуваат во спроведувањето на контролата на другите и на себе самите.

Во сите модерни општества полицијата е задолжена за контрола на криминалот, одржување на јавниот ред, регулирање на сообраќајот, спасување и помагање при итни ситуации и слично. Но, организациските услови во кои полицијата ги извршува своите работи, средствата што ги користи и целите кои сака да ги постигне се многу различни помеѓу демократското и недемократско општество. На полицијата ѝ е дадена надлежност да го штити и чува воспоставениот општествен ред. За да биде способна да ја извршува својата задача, општеството ѝ доделува право да користи средства за принуда и измама, кога постои посебна причина и под определени услови. Кога се зборува за ова право, особено е важна етичката основа врз која на полицијата ѝ се дозволува да користи принуда и измама и поставените граници за нивна примена.

Еден од елементите што го дефинираат демократското општество е поставеноста на полицијата. Таа е субјект на владеењето на правото кога заштитува вредности соодветни на човековото достоинство и навлегува во животот на луѓето само во ограничени и внимателно контролирани ситуации. Полицијата како државна институција е дел од извршната власт, што значи дека е раководена и контролирана од политичката власт. Инструментализацијата на полицијата во насока на остварување на парцијални или групни интереси во политиката и економијата е реалност која има бројни историски

[4] Cohen, S. (1985). Visions of Social Control, во Martin Innes, Understanding social control Deviance, crime and social order, Open University Press,2003

потврди. Дваесеттиот век изобилуваше со примери на полициски држави и во таканаречената десна и лева политичка опција, за што најдобро сведочи фашизмот и сталинизмот. Во овие режими полицијата беше алатка во рацете на капиталистичката, односно етатистичка политичко-економска елита за социјална контрола и одбрана на стекнатата моќ. Во демократско општество полициското работење е составено од почитување на владеење на правото и на неговите соодветни вредности. Предуслов за ова е деполитизирана, особено департизирана и демилитаризирана полиција, одговорна и транспарентна пред јавноста, која не е фокусирана на контролата, туку е фокусирана на давање услуги и каде најголемо внимание се посветува на проактивната превенција на криминалитетот. Во демократско општество полицијата како приоритети во својата работа ги има потребите на граѓаните и на државата, но државата сфатена како заедница на рамноправни граѓани. Спроведувајќи ги своите законски надлежности, полицијата треба да биде дел од заедничките општествени напори за заштита на законитоста и подобрување на безбедноста.

1.2. Улогата на полицијата во општеството и во државата

Полицијата, според мислења во академската средина, го претставува присуството на политиката во секојдневниот живот - таа го симболизира капацитетот на државата да интервенира и да се грижи за безбедноста на нејзините граѓани. Државата, преку контролата на општествените односи, го обезбедува редот во функционирањето на општеството. Распространето е мислењето дека општествената контрола се проширува. Според Коен, контролниот систем користи неколку нивоа на контрола, при што оној субјект кој ќе потпадне под едно ниво, може да биде префрлен во друго, но најчесто со поинтензивна форма на контрола.[5] Карактеристично е тоа што новите форми на контрола не ги заменуваат старите, туку само се надоврзуваат и надополнуваат. Традиционалните пристапи кон контролата на девијантноста и понатаму се користат, но зголемено ги придружуваат новите законски одредби за одредување што е прифатливото однесување на

[5] Martin Innes (2003). Understanding social control: Deviance, crime and social order, Open University Press, стр.144

индивидуата и создавање на нови државни агенции со контролни задачи. Контролата се објаснува со проблемот со криминалот и поврзаниот со него феномен на страв од криминал.

Според тоа, интересна е ситуацијата со воведувањето на моделот на полициско работење со заедницата (community policing), кој создава ситуација во која, спроведувајќи ги партнерските проекти за контрола на криминалот и нарушувањата на јавниот ред, ги доведува луѓето во ситуација да бидат субјект на контрола, но едновремено и да учествуваат во спроведувањето на контролата на другите и на себе самите. Едновремено, новите форми на ризик овозможуваат градење посебен начин на размислување за потенцијалните проблеми и предмети, кои би биле контролирани и за последиците што можат да бидат предизвикани со имплементирањето на поединечни стратегии и проекти. Во основа тоа овозможува предвидување и антиципаторска епистемиологија која може да биде во функција на контрола на идните закани и проблеми. Се докажа дека ризикот е многу важен елемент на трансформацијата на општествената контрола.[6]

Полицијата го претставува капацитетот на државата да се одвратат граѓаните од преземање активности кои го загрозуваат воспоставениот ред. Од полицијата се очекува да го спречи криминалот, да го спречи неморалот, да ги спречи лошите намери или завери за правење криминал. Нефункционирање на полицијата може да се гледа како знак за ранливост на општеството, како слабост на светите морални вредности, врз кои е засновано општеството и знак на намален капацитет да се спречат ваквите акти. Од полицијата често се очекува да дејствува брзо, што оневозможува да се предвидат можните последици, односно таа да постапува согласно формалниот законски мандат. Според Манинг, полицијата, како и другите професии, „се справува со неизвесноста во својата работа со манипулативни симболи и реторика со намера да ги претстави своите активности како координирани, рационални и доследни. Ова го зајакнува, со одржување

[6] Ибид, стр. 13

на внатрешна согласност и лојалност, одржувањето на легитимитетот, што е една од основните обврски на раководството на полицијата“.[7]

Во демократско општество, овластувањата, целите и методите на полицијата треба да се во функција на промовирање на индивидуалните слободи, јавната безбедност и социјалната правда. Заштитата на човековите права и слободи некои ги гледаат како поединечно најважната цел на полицијата. На пример, Националната комисија на САД за надгледување на стандардите и целите на кривичното право истакнува дека: „Доколку целите на полициската служба треба да се опишат со една единствена цел, таа цел би била да се сочува мирот на начин кој е во согласност со слободите гарантирани со Уставот“.[8]

Актуелните состојби со криминалот ја наметнуваат потребата полицијата да биде проактивна и посензитивна кон потребите на граѓаните, за што е потребна промена во нејзината социјална и формална организација. На социјално ниво, треба да се надминува воспоставената бариера меѓу граѓаните, јавноста и полицијата, а на организациско ниво, промената треба да се движи од напуштање на бирократската и крута организација, кон недвосмислено поголема интеракција меѓу полицијата и социјалната околина во која работи, што ќе биде поддржано со намалување на значењето на полициската хиерархија, а со развој на соработката со сите јавни и приватни агенции кои влијаат на безбедноста на локално или пошироко ниво. Новиот начин на извршување на полициските работи подразбира посветени, оспособени и аналитични полициски службеници, создавање на нова работна атмосфера во која новите вредности во извршување на полициските функции ќе се појават во менаџирањето и тактиката на полицијата. Треба постепено да се напушта полициската хиерархија која ја дели внатрешната структура на полицијата, како и културата на традиционалните полициски вредности (како што се: авторитет, фокусираност на опасностите и ефикасност) во извршување на задачите, со поголема посветеност на превенцијата на криминалот, а не само на неговото откривање.[9]

[7] Peter K. Manning (2001). Theorizing policing: The drama and myth of crime control in the NYPD Theoretical Criminology, страна 317-318, Vol. 5(3): 315–344, SAGE Publications
[8] Reports of the National Advisory Commission on Criminal Justice Standards and Goals (USA) (1973), стр. 9
[9] Jack R.Greene (2000). Community Policing in America: Changing the Nature, Structure, and Function of the Police, страна 300-301 во Policies, Processes, and Decisions of the Criminal Justice System, Criminal Justice 2000 Volume 3, National Institute of Justice, United States, стр. 299-370

1.3. Полицијата како државен орган

Државните органи се јавуваат како основен елемент на структурата на државната организација. Државниот орган врз основа на закон располага со сопствена структура и точно определени овластувања во управувањето со определена сфера од општествениот живот. Постојат две спротивставени гледишта за поимот државен орган. Според едното, државниот орган се изедначува со поединците кои извршуваат државна власт, а второто гледиште смета дека поединците во државната служба можат да бидат само службени лица - извршители, а организационите единици се основен елемент на државниот орган и во него службените лица можат да извршуваат конкретни државни дејствија, определени со закон.[10]

Опстанокот на една држава е тесно поврзан со армијата и полицијата. Оружени органи се оние кои располагаат со средства за физичка принуда и вооружени лица. Незаменлив дел на секоја држава се нејзините оружени организации и органи, кои по потреба, спроведувајќи ги уставните и законските норми и врз основа на нив добиени овластувања, можат да применат средства за физичка принуда.

Полицијата, кога е организирана и функционира како бирократија, може да управува на различен начин. Таа може да се наметне и во автократски и во демократски системи и да функционира независно, бидејќи контролата врз бирократско-централизирани структури е недофатлива за граѓаните, невладините организации или за локалните заедници.[11] И покрај тоа што за овој став може да се каже дека е претеран и недоволно научно фундиран, тој е сепак пореален од теориите кои се појавија во 19 и 20 век, кои истакнуваат дека водечка улога во општеството и државата има Парламентот во кој седат избраниците на народот и одлучуваат за важните државни работи и дека Парламентот е државата, а Владата и министрите се нејзини слуги или слуги на народот. Резултатите од функционирањето на Парламентот во Третиот Рајх се доволна аргументација за валидноста на погорното тврдење, а искуството од методите и средствата

[10] Мирослав Живковић (2003). Основи теорије државе и права, Полицијска Академија, Београд, стр. 134
[11] R.I.Mawby (2003). Policing across the World: Issues for the Twenty-first Century, UCL Press Limited, стр. 69

со кои се користеше Гестапо во својата работа се историско наследство кое помага да се разбере кои се опасностите кога полицијата ќе се инструментализира за лични, групни или партиски интереси, со помош на централизирана бирократска организација за командување и извршување на наредбите на бирократската хиерархија.

1.4. Полициска организација

Кога се создавала Метрополитен полицијата, Роберт Пил сметал дека таа мора да биде стабилна, ефикасна и организирана како војската. Изборот на воено-бирократски модел на организација на полицијата произлегува од сличноста на работењето со воената полиција, а особено поради отсуство на алтернативен модел во тоа време. Воениот модел понудил организациска стабилност, изградени форми на административна контрола, мерки за дисциплинирање на персоналот, процедури и формални правила, авторитет и техничка специјализација. Ваквата организациона поставеност на т.н. нова полиција ѝ овозможила да ги уредува внатрешните односи без директно машање на политиката. Бирократската полициска организација во тоа време создавала простор за административна и оперативна автономија, но и зголемено користење на науката и техниката, што создала можност на т.н. нова полиција да го промовира бирократскиот професионализам кој дејствува без поголемо влијание на заедницата и политиката. Комбинацијата на воените и бирократските организациски принципи го создадоа основниот модел на конвенционална полициска организација, која ги добила следните карактеристики:[12]

- Структура заснована на авторитетот на чиновите, поголем чин поголема власт;
- Централизирана служба во која сите важни одлуки се носат од врвот на хиерархијата;
- Раководењето се засновало на наредби и контрола на извршената наредба, со користење на формални правила и наградување на оние кои ги почитуваат правилата и казни за оние кои ги прекршуваат;

[12] Christopher Murphy, Paul McKenna (2007). Rethinking Police Governance, Culture & Management, RCMP, Canada, стр. 9-10

- Пирамидална организациона структура, каде врвот одлучува и ги контролира сите полициски активности и операции, или менаџирање од врвот надолу;
- Висока формализираност во работењето, потпирање на писмена комуникација, правила, процедури, политики и слично;
- Специјализација на повеќе административни и оперативни функции;
- Користење на техника и технологија;
- Нефлексибилна организациска структура, отпорна на промени;
- Затвореност спрема влијанија од надвор.

Конвенционалната полициска организација, иако настаната во одредени историски услови и состојби во Англија, изврши големо влијание на полициите во Европа, Канада, Австралија и Америка. Хиерархиската структура, блиска до воената, распоредување на моќта според чинот, сомничавост кон промени различни од бирократските правила, се карактеристика и на современите полиции во светот.[13]

Многу замји во светот имаат воспоставено централизиран национален полициски систем, како главно средство за спроведување на законските надлежности. Овој модел на организација своите корени ги има во римскиот начин на извршување на полициските работи, при што централната Влада ги создава полициските сили.

Па така, денес ваквиот приод кон организацијата на полицијата може да се најде и во демократски и во недемократски држави. Централизираниот полициски систем е контролиран, координиран и администриран од централната Влада.

1.5. Влијание на организацијата на полицијата врз полициското работење - нов модел на работа бара нова организација

Во почетокот на деведесеттите години на минатиот век, голем број земји во светот го напуштија традиционалниот, реактивен и контролен начин на извршување на полициската работа со имплементирање на т.н. работа на полицијата во заедницата.

[13] Eugene McLaughlin, (2007). The New Policing, SAGE Publications Ltd, стр. 51

Развојот на овој модел на полициска работа условуваше реформи во повеќе сегменти на полицијата, особено во нејзината организација.

Свртувањето од традиционалното работење во *community policing* подразбира промени: во организацијата, во односите со заедницата, користењето на овластувањата, изборот на методите и средствата за работа, во обуката на полициските службеници и во начинот на регрутирање на нови припадници на полицијата. Генерално, традиционалната полициска работа може да ја окарактеризираме како модел на контрола на криминалот, додека пак работата на полицијата во заедницата претставува комбинација на одржување на редот и давање сервисни услуги на заедницата. За одбележување е тоа што моделот на полициска работа во заедницата бара секој полициски службеник да гради добри односи со заедницата во која работи, да се напушти бирократското работење насочено кон статистички мерливи резултати, односно од полициска контрола да се премине кон споделување на одговорноста за состојбите со криминалот и јавниот ред со претставниците на заедниците.[14]

Работата на полицијата во заедницата се состои од две главни компоненти: градење партнерски однос со заедницата и решавање конкретни безбедносни проблеми кои се приоритет за заедницата. За да може да се имплементира овој модел, полициските служби мора да создадат нов полициски стил на работа, кој ќе биде одраз на потребите на граѓаните и заедницата на која тие и служат.[15]

Во основа, прифаќањето на филозофијата на *community policing* подразбира радикални промени на сите елементи на организационата структура и на процесите на работа на полицијата. Тоа значи дека воспоставената хиерархиска структура мора да претрпи измена со тоа што одлучувањето ќе биде обврска на секој припадник на полицијата во рамките на неговите работни должности. Секое полициско ниво ќе носи одлуки и ќе презема мерки за кои смета дека се најдобри во конкретната ситуација, а

[14] Peter J. Carrington, Jennifer L. Schulenberg (2003). Organizational factors affecting police discretion, Report to the Department of Justice Canada, стр. 174
[15] Ибид, стр. 175

неговите одлуки континуирано ќе бидат контролирани и оценувани од страна на хиерархиски повисоките полициски нивоа.[16]

1.6. Реактивно и проактивно полициско работење во борбата против криминалот

Прифаќајќи дека превенцијата на криминалитет претставува динамичен процес кој вклучува вкупност на мерки и активности насочени кон намалување на криминалот, неговите последици, жртвите од криминал, и кон отстранување или ублажување на причините и ризик факторите кои доведуваат до криминални и други девијантни појави, тогаш, полицијата е еден од механизмите која активно учествува во тој процес. За нејзиното значење и за степенот на инволвираност, како дел од мултисекторскиот пристап во превенција на криминалитетот, во стручната литература се забележуваат повеќе ставови, во зависност од пристапот и целта кон која се насочени превентивните мерки.

Во таа смисла, основна е поделбата на социјална и на ситуациона превенција, бидејќи полицијата свое значајно и примарно место зазема кај ситуационата превенција. Таа подразбира преземање мерки и активности насочени кон уредување и менување на физичката средина и со одредени ситуации, со што се намалуваат можностите за извршување на кривични дела, односно се зголемува можноста сторителот биде фатен за време на извршување на кривичното дело. Ситуациониот пристап се базира врз претпоставката дека ситуациите се попредвидливи од однесувањето на луѓето и тој експлицитно бара планирање и анализа на специфичните криминални ситуации и развива превентивни стратегии кои се однесуваат на тие ситуации. Ситуационата превенција значи дека решението мора да се бара во конкретна ситуација која ја олеснува криминалната активност.

Во тој дел, повикувајќи се на дводимензионалната класификација на Ван Дајк и Де Ваард (1991), полицијата е основен носител на одредени ситуациони мерки, кои подразбираат физичко присуство или насочено патролирање кон ризични места, односно места за кои постои сознание дека се жаришта за извршување одредени кривични дела.

[16] Ибид, стр. 178-180

Во првиот случај станува збор за полициско присуство и патролирање на одредени места за кои постои ризик од нарушувања на јавниот ред и мир (на пример, поставување училишен полицаец во близина на училиштата или зголемено присуство на одредени групни настани и манифестации). Во вториот случај, полицијата врз основа на мапирање на криминалот, презема соодветни мерки на засилена контрола и надзор на одредени локации. Последното претставува една од основните функции на полицијата насочена кон откривање на кривичните дела и на нивните сторители како орган на казненоправниот систем. Нејзината откривачка функција, т.е. ефикасноста во расветлување на случаите може да има генерално-превентивен ефект врз потенцијалните сторители преку ефектот на застрашување. Тоа значи спречување на идното престапништво и одвраќање на потенцијалните сторители од сторување кривични дела поради страв дека полицијата ќе ги открие и уапси. Значи, интервенциите насочени кон обезбедувањето на одредени места, контролата на одредени лица, засилениот полициски надзор и мерките насочени кон одржувањето на јавниот ред и мир се дел од ситуационата превенција, но тие се повеќе реактивно насочени, што значи интервенирање по одреден настан. Исто така, тие се дел од традиционалниот пристап на полициското работење во функција на откривање на кривичните дела. Американската полиција тој пристап го именува како *crime fight* пристап насочен кон борба на криминалот, за кој се вршени низа истражувања со цел да откријат дали тој пристап има превентивни ефекти, односно дали влијае врз намалување на стапката на криминал.

Од друга страна, доколку ги прифатиме превентивните пристапи на ОН (2002), полицијата, исто така, е дел од превенцијата на криминал базиран на заедницата. Тој пристап подразбира склучување партнерства и колективен одговор на криминалот и, во тој дел, полицијата е интегрален дел на тие партнерства. Меѓутоа, нејзината улога е битно различна, односно од неа се бара проактивно дејствување што подразбира преземање чекори пред да се случи криминалниот настан. Тој пристап се фокусира на превенција на

криминалитетот, на идентификување на неговите причини и ризик фактори и на решавањето на проблемите во заедницата.[17]

Имајќи го предвид претходното, можеме да се согласиме дека полицијата има улога на носител, но и на партнер и соработник со заедницата при спроведувањето на превентивните мерки за превенција и сузбивање на криминалитетот.

Според тоа, за потребите на овој извештај, понатамошната дискусија ќе ја ограничиме на проактивната улога на полицијата во превенцијата на криминалот базирана на заедницата. Во таа смисла, нејзината улога не се одредува само преку реактивниот пристап при остварување на нејзините основни полициски работи определени со Законот за полиција, а тоа се заштита на основните човекови слободи и права, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните (иако првата ја супсумира и втората), одржувањето на јавниот ред и мир, откривањето на кривични дела и сторители и укажување помош и заштита на граѓани во случај на неопходна потреба. Полициските работи добиваат поголема ширина и опсег и тие сè повеќе опфаќаат и активности насочени кон спречување на ризици, фактори и закани, решавање проблеми на граѓани и проблеми во заедницата кои го намалуваат квалитетот на живот и го зголемуваат чувството на страв, како и активности насочени кон ранливите категории граѓани. Оттука, улогата на полицијата не се ограничува само на законски дефинираните полициски овластувања, туку од неа се бара проактивно учество во остварувањето на концептот превенција на криминалитетот базиран на заедницата. Тоа е можно единствено преку соработка со заедницата и приближување до граѓаните, но нивната улога не смее да се гледа како извор на информации или како оштетени граѓани на кои им треба непосредна помош. Суштината на учеството на заедницата е во охрабрувањето и засилувањето, во давањето право на „глас“ и удел во адресирањето и решавањето на проблемите лоцирани во заедницата. На тој начин се остварува принципот на поделена општествена одговорност во превенција на криминалитетот.

[17] Дојчиновска, Р. (2013). Основи на превентивно полициско работење, Отсек за превенција и ПСОН-СВР Скопје, стр. 10

1.7. Улогата на полицијата во претходна постапка

Претходниот модел на кривичната постапка во Република Македонија опфаќаше неколку стадиуми, односно ги содржеше следните фази: претходна постапка, обвинување, главен претрес и постапка по правни лекови. Претходната постапка имаше за цел да открие дали кривичното дело може да му се препише на осомничениот и доколку е така, како да се покрене кривичното гонење. По доказите од оваа постапка јавниот обвинител одлучуваше дали ќе покрене обвинение против осомничениот или ќе се отфрли поднесената кривична пријава.[18]

Па така, според Павишиќ, резултатите собрани со извиди, само во исклучителни случаи и со законски предвиден услови, можат да се користат како доказ во казнена постапка, нагласувајќи дека извидите не се процесни дејствија. Разликата помеѓу извидните и истражните дејствија се пронаоѓа во улогата, па така за извидите смета дека се наменети за откривање, а за истражните дејствија за докажување. Во исклучителни случаи, кога е тоа пропишано со Законот за казнена постапка, резултатите од општите извиди на казнени дела можат да се употребат како доказ во казнената постапка.[19]

Полициските увиди ја започнуваа претходната постапка, кои беа спроведувани по иницијатива на полицијата, или пак, по барање на јавниот обвинител. Полицијата ги собираше доказите во врска со пријавеното кривично дело, кои треба да имаат тежина за да може да му се суди на осомниченото лице, во спротивно постапката против тоа лице би била запрена. Со донесувањето на новиот Закон за кривична постапка, полициските задачи остануваат исти. Во овој нов модел на кривичната постапка, практично само формално е направена поделба на претходната постапка: предистражна и истражна постапка. Откривањето и пријавувањето на кривичните дела ја сочинуваат предистражната постапка, а со донесувањето на наредба од страна на јавниот обвинител за постапување по пријавеното кривично дело започнува истражната постапка. Невозможно е во пракса да се почитува ваквата поделба на претходната постапка, затоа е и невидлива. За успешно завршување на работата и остварување на крајната цел, целосно расфетлување

[18] Стратегија за развој на казненото право, Министерство за правда, Скопје, 2007 г. стр.37
[19] Ѓурѓевиќ, З., Глушчиќ, С., Јосиповиќ, И., Кос, Д., Крапац, Д., Новоселец, Х., Kazneno procesno, pravo, Primjerovnik II, izmjenjeno i dopunjeno izdanje, Narodne Novine, Zagreb, 2007

на кривичното дело, неопходно Полицијата и Јавното обвинителство да имаат континуирана соработка во преземањето истражни дејствија, а на тој начин целата претходна постапка ќе се одвива во една фаза. Имајќи ја предвид раководната функција на јавниот обвинител во текот на претходната постапка, невозможно е да се прави поделба на истата. Затоа што неговите овластувања се многу широки, независно дали се работи за предистражната постапка или за истражната постапка, тој може да презема мерки за пронаоѓање и обезбедување на лица и предмети, независно од фазата на претходната постапка.

1.8. Предистражна постапка

Во претходниот модел на кривичната постапка, полицијата самостојно преземаше дејствија во предистражната постапка, која беше составен дел на претходната постапка. Во оваа фаза на претходната постапка полицијата како претставник на извршната власт преземаше мерки за откривање и фаќање на сторителот на кривичното дело, како и пронаоѓање и обезбедување докази во врска со кривичното дело. Доколку резултатите од предистражната постапка покажат дека покренувањето на казнената постапка е основано, обвинителството може да започне со нешто посилно правно нормирана истражна постапка.[20]

Во претходниот модел со втората фаза во претходната постапка, односно со истражната постапка раководеше истражниот судија. Одделно во претходната постапка не беа дефинирани задачите на субјектите, па од таа причина невозможно беше да се направи разлика помеѓу предистражната постапка и истрагата, што значи дека разликата во претходниот, како и во сегашниот модел во претходната постапка е само формалност. Полицијата ја завршува целата работа во предистражната постапка, независно од тоа кој модел на кривичната постапка во Република Македонија се применува, иако раководната функција на предистражната постапка секогаш му била доделена на јавниот обвинител. На истражниот судија во претходниот модел, во вториот стадиум од претходната постапка му

[20]Калајџиев, Бужаровска, Истражна постапка – Прирачник за практичари, стр.1

беше доделена раководната функција. Јавниот обвинител и истражниот судија практично ги повторуваа предлозите за преземање на истражни дејствија кои потекнуваа од полицијата, на тој начин истражниот судија ја избегнуваше контролата во истрагата. За да започне предистражната постапка, мора да постои основа на сомневање дека од страна на одредено лице е сторено кривично дело, за кое во Кривичниот закон на Република Македонија е предвидено гонење по службена должност.

Претходно целта на предистражна постапка беше на јавниот обвинител да му се обезбеди материјал за да оцени дали основите за сомнение, како првични сознанија, преминуваат во основано сомнение како повисок степен на сомневање заснован врз прибавените докази кои упатуваат на заклучокот дека определено лице сторило кривично дело, за да може тој да поднесе барање до судот за спроведување истрага.[21] Во новиот Закон за кривична постапка јавниот обвинител не поднесува барање за спроведување на истрага до судот, од причина што истражниот судија не постои како субјект, јавниот обвинител е тој којшто ќе одлучи дали може да започнат истражните дејствија. Никогаш од страна на експертите во казненото право предистражната постапка не е прикажувана како судска постапка, а во литературата најчесто користени називи за оваа постапка се полициски извиди или криминалистичка постапка.

Предистражната постапка не претставува судска постапка според многу автори, затоа најчесто се опишува и може да се сретне како криминалистичка постапка или полициски извиди. Толкувањето е различно, како од страна на теоријата, така и од страна на нормативните аспекти. Различното толкување не е само од теоретско гледиште, туку и од нормативни аспекти, бидејќи концептите зависат од овластувањата и дејствијата на полицијата и другите органи со посебни овластувања како се уредени, односно дали во казненото процесно право или во полициското право. Законот за полиција предистражната постапка ја смета како дел од полициското право, додека ЗКП смета дека оваа постапка спаѓа во казненото процесно право.[22] Тежината на доказите е иста независно од тоа дали истите се добиени во текот на предистражната постапка или пак во текот на истражната

[21] Н.Матовски Г.Лажетиќ-Бужаровска, Г. Калајџиев, (2011). Кривично процесно право (Второ изменето и дополнително издание), Скопје

[22] Гордан Калајџиев, Замки и заблуди на реформата во истрагата, во зборник на трудови на Правните факултети во Скопје и Загреб

постапка.[23] Предистражната постапка во новиот модел на кривичната постапка започнува со полициски извиди, по што јавниот обвинител прибира информации за кривичното дело.

1.9. Полициски извиди

Полициските извиди претставуваат применување на традиционалните овластувања на полицијата. Во казнената постапка дејствијата кои ги презема полицијата со цел собирање на интересни информации за кривичните дела кои се гонат по службена должност, се нарекуваат полициски извиди. Нивната примена е уште во најраната фаза од казнената постапка. Терминот извиди во правната литература се користи наместо зборот истрага, од причина да се направи разлика од судската истрага.

Примената на полициските извиди, како што е горенаведено, е уште во најраната фаза, односно по приемот на кривична пријава или добиеното сознание за сторено кривично дело кое се гони по службена должност. Тогаш полицијата е должна со примената на своите овластувања да ги преземе потребните мерки за откривање на кривичното дело. Причина за спроведувањето на полициските извиди е откривањето на кривичните дела, за разлика од истражните дејствија, чија намена е за докажување на кривичното дело.[24]

Резултатите добиени од извидите можат да бидат побиени, поради тоа што тие резултати претставуваат факти и околности кои можат да бидат од корист за казнената постапка.[25] Предистражната постапка во пракса најчесто започнува со полициски извиди кои полицијата ги започнува под одредени законски услови или по службена должност или на барање на јавниот обвинител, при што се пропишува обврска на полициските власти да го известат јавниот обвинител во рок од 30 дена за мерките кои ги преземале,

[23] Гордан Калајџиев, Позначајни концепциски разлики во реформата на истрагата во Хрватска и Македонија
[24] Павишић, Б. (2003). Komentar Zakona o kaznenom postupku, Ţagar, Rijeka, стр. 224
[25] Крапац, Д., (1993). Kazneno procesno pravo, Institucije, Narodne Novine, стр. 338.

односно секојдневно да го известуваат за преземените мерки на барање на самиот јавен обвинител.[26] Дознавањето за сторено кривично дело може да биде:

- Со непосредно забележување;
- По допрен глас;
- По примена кривична пријава.

Законска обврска на сите државни органи, како и јавните претпријатија и установи да ги пријавуваат кривичните дела кои се гонат по службена должност, независно од начинот на кој дознале, односно дали се известени од друг или од нивно непосредно забележување. Покрај пријавувањето на кривичните дела, истите се должни да ги преземат неопходните мерки за зачувување на доказите за кривичното дело. Оваа обврска за пријавување на кривичните дела кои се гонат по службена должност не е само на јавните установи, подеднакво ваква должност имаат и физичките лица.

Полицијата, по добиената пријава за постоење на кривично дело, е должна да ги преземе потребните мерки, применувајќи ги своите овластувања со цел да изврши проверки дали навистина е извршено кривично дело, а ако е извршено, да продолжи со преземањето на мерки за пронаоѓање на сторителот. Законот за кривична постапка на Република Македонија овие полициски дејствија ги нарекува полициски извиди, кои се регулирани во законот за кривична постапка, исто како и полициските овластувања.[27] Основот за сомневање дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност претставува клучен услов за спроведување полициските извиди. Овие услови за започнувањето на полициските извиди се законски регулирани, поради што полицијата има службена должност да постапува.

Па така, полициските извиди можат да започнат и по наредба на јавниот обвинител. Во овој модел на кривичната постапка јавниот обвинител е должен да врши контрола на полицијата постојано за време на полициските извиди. Јавниот обвинител ја има можноста

[26] Иван Нац, Улогата на полицијата при преземањето дејствија за обезбедување на докази во казнената постапка
[27] Гордан Калајџиев, Формирање, организација и функционирање на правосудната полиција и истражните центри на јавното обвинителство

и самостојно да презема мерки кои претставуваат полициски извиди. Со спроведувањето на полициските извиди на јавниот обвинител му се обезбедуваат информации во врска со пријавеното кривично дело, врз основа на што тој оценува дали основите на сомнение како првични сознанија, преминуваат во основано сомнение како повисок степен на сомневање. Доколку доказите укажуваат дека определено лице сторило кривично дело, тогаш се започнува втората фаза на претходната постапка, односно истрагата. Полициските извиди најчесто ги преземаат вработените од криминалистичката полиција при Министерството за внатрешни работи, па затоа тие претставуваат криминалистички правила и се дел од полициските правни регулативи.

1.10. Улогата на полицијата во истражна постапка

Истражната постапка или истрагата е вториот дел од претходната постапка, која се спроведува по преземените полициски извиди, односно по предистражната постапка. Истражната постапка полициските службеници официјално ја започнуваат по добиената наредба од страна на јавниот обвнител. На таа наредба, која во пракса претставува само формалност ѝ претходи кривична пријава која полициските службеници од криминалистичката полиција ја поднесуваат до надлежното Јавно обвинителство. Наредбата издадена од Јавното обвинителство претставува должност за полициските службеници за преземање на истражни дејствија за докажување на вината на осомниченото лице. Во пракса полицијата овие истражни дејствија ги презема континуирано по дознавањето за постоење на кривично дело кое се гони по службена должност, па од таа причина во полициското работење временски не може да се разграничуваат предистражните и истражните мерки.

Во оваа фаза полицијата, како и во предистражната постапка, е должна да го известува јавниот обвинител за преземените мерки, како и да постапува по неговите наредби. Доказите прибрани во истражната постапка се од клучно значење за понатамошната кривична постапка, бидејќи доколку истите бидат доволно, нареден чекор е покренување на обвинение против дотогаш осомниченото лице. Овие докази од страна

на јавниот обвинител треба да бидат презентирани на главниот претрес, затоа нивната тежина директно ќе влијае на пресудата против обвинетото лице.

Истражните дејствија кои се преземаат во истрагата се: претрес, привремено обезбедување и одземање на предмети или имот, прибирање на изјави од обвинетиот, прибирање на изјави од сведоци, вештачење, увид и реконструкција и посебни истражни мерки. Јавниот обвинител ги известува: бранителот, оштетениот или осомничениот за времето и местото на извршувањето на истражните дејствија, но може да не ги извести кога постои опасност од одлагање.[28] Пред да заврши истрагата, јавниот обвинител треба да го сослуша осомничениот, а најдоцна во рок од 15 дена, откако ќе заврши истрагата, јавниот обвинител е должен да поднесе обвинение, кога се работи за кривични дела од областа на организираниот криминал, рокот може да биде продолжен до 30 дена.[29]

1.11. Причини за напуштање на судската истрага

Најголем белег на претходната постапка во новата кривична постапка е напуштањето на улогата на истражниот судија. Неговата улога како раководител во истражната постапка ја презема јавниот обвинител. Ваквата промена во истражната постапка Република Македонија ја спроведе по примерот на повеќето европски континентални земји, а целта, пред сè, е да се избегне одолговлекувањето на истрагата. Во минатото пракса беше обезбедените докази од страна на полицијата, понатаму да бидат препратени до Јавното обвинителство, а Јавното обвинителство до истражниот судија кој треба да издаде наредба за спроведување на истрагата.

Од една страна, полициските работи за откривање и обезбедување докази се продолжени врз целата претходна постапка, а од друга страна, Јавното обвинителство своите работи ги редуцира на техничката улога на „оценувач“ на полициските резултати и ги запостави другите суштински работи на кривичното гонење.[30] Во пракса задачите кои

[28] Витларов Т. (2012). Научна статија, Новата улога на јавниот обвинител во казнената постапка, стр. 16
[29] Калајџиев Г. Бужаровска Г. (2010). Скопје, Прирачник за практичари - Истражни дејствија, стр. 26
[30] Калајџиев Г. Бужаровска Г. (2010). Скопје, Прирачник за практичари - Истражни дејствија, стр. 9

законски им беа одредени, јавниот обвинител и истражниот судија не ги спроведуваа, од причина што се префрлаше предметот од едниот на другиот субјект, а самиот предмет се темелеше најчесто на полициските докази.

Одолговлекувањето и неекономичноста може да се каже дека беа карактеристика на функционирање на истрагата во минатото. Целиот процес се спроведуваше врз основа на почетните правни факти кои најпрво полицијата ги утврдила, а понатаму се повторуваат од другите субјекти.

Претходно нелогична беше улогата на истражниот судија да собира докази и да раководи со истрагата, а по завршување на истата јавниот обвинител да покрене обвинение. На овој начин се создаваше незаинтересиран јавен обвинител, поради тоа што тој по завршувањето на истражната постапка одлучуваше по кое кривично дело и против кого ќе покрене обвинение. Иако незаинтересиран да учествува во истрагата, јавниот обвинител може по завршување на истата да побара од истражниот судија надополнување на истрагата.

Исто така, пропустите кои настануваат при работењето најчесто се бараат кај другиот субјект, што доведува до несовесно, нестручно и неодговорно постапување во постапката. Оправданоста од напуштањето на истражниот судија во постапката се гледа и во тоа што тој немаше можност да истражува, остануваше само да ги регистрира истражните дејствија. Немањето можност да истражува и да реагира за обезбедување на дополнителни докази, се доведуваше во опасност од навремено обезбедување на докази, што криеше можност од исчезнување, или пак, прилагодување на доказите. Со измените во кривичната постапка судот ја добива улогата на заштитник на правата и слободите на осомниченото лице, така што врши контрола на почитувањето на законските одредби кои се однесуваат за човековите права и слободи.

Судијата повеќе не е активен истражувач од таа причина се брише називот истражен судија, на негово место од редовите на судот доаѓа „судија на претходна постапка“, кој одлучува: за примената на посебните истражни мерки, притворот, доказно рочиште, претрес итн. Целта на отстранувањето на судската истрага е да се намали

времетраењето на претходната постапка, што е логички по отстранувањето на еден субјект во постапката. Напуштањето на судската истрага, никако не значи нејзина замена со обвинителска истрага. Полициската и обвинителската истрага во новиот систем се спојуваат, а практично судската истрага се прескокнува, а не се заменува со нова формална обвинителска истрага. Ова значи дека полициските извиди - дејствија преземени со цел за откривање, проверка на првични проверки на доказите си остануваат.[31] Зголемените надлежности на јавниот обвинител во предистражната постапка можеби доведуваат до преоптоварување на јавниот обвинител, сепак ваквото функционирање е позитивно затоа што јавниот обвинител ја има можноста и самиот да ги прибира информациите за кои тој смета дека му се потребни за покренување на обвинение против одредено лице. Значи во новиот модел на кривичната постапка, поточно во претходната постапка, јавниот обвинител покрај раководната улога, добива и поактивна улога.[32] Покрај тоа што се одолговлекуваше и компликуваше истрагата со постоењето на истражниот судија во неа, многу често во истрагата имаше појава на пристрасност од страна на истражниот судија, и непреземање на мерки за заштита на човековите слободи и права на лицата осомничени во постапката. Со новата кривична постапка прецизно се поделени работите на Полицијата, Јавното обвинителство и судовите, со што е оневозможено префрлање на одговорноста од еден на друг во претходната постапка. Покрај забрзувањето на претходната постапка, ваквиот модел на кривичната постапка ја потенцира важноста на главната расправа, затоа што доказите кои претходно се собрани се презентираат за првпат на главната расправа.

1.12. Граници на автономија на полицијата

Независно од моделот на кривичната постапка, автономијата на полицијата во предистражната постапка постои, пред сè кога станува збор за полесните кривични дела, за кои е неопходно итно преземање на мерки за што нема потреба да се вклучи јавниот обвинител. Правната регулатива ја напоменува важноста на котролата и раководењето на

[31] Витларов, Тодор, Новата улога на јавниот обвините во казнената постапка, стр.80
[32] Витларов, Тодор, Новата улога на јавниот обвинител во казнената постапка, стр. 78

јавниот обвинител над полицијата при истражувањето, сепак практично тоа не може да се случи.

Јавното обвинителство се соочува со дефицит на кадри, а воедно постоечките не се обучени секогаш да се вклучат во истрагата. Јавниот обвинител не може да се вклучи во сите полициски извиди, ниту за тоа има време, ниту ресурси.[33] Јавните обвинители најчесто се вклучуваат во истрагата кога станува збор за посложени случаи, или пак, во случај кога настанот би можел да има политички влијанија. Ова не е случај само во нашиот модел на кривична постапка, туку и во сите земји во светот.

Речиси никаде во светот јавните обвинителства не се обучени ниту спремни, напротив капацитетите за откривање на криминалот со векови се градени во рамките на полицијата со исти или слични овластувања кои примарно работат на откривањето и разјаснувањето на кривичните дела.[34]

Целта на доделувањето раководната улога на јавниот обвинител е пред сè поради негово вклучување во потешките кривични дела, каде е потребно поефикасно и поквалитетно собирање на информациите и доказите кои ќе му помогнат да го докаже постоењето на кривичното дело и вината на обвинетиот на главната расправа. Во посложените предмети од областа на организираниот криминал, Јавното обвинителство, може активно да учествува во истражните дејствија со давање конкретни наредби за преземање на определени мерки и активности. Полицијата за преземените мерки по претходно издадена наредба од јавниот обвинител, истиот го информира со доставување на посебен извештај.

Изготвениот посебен извештај се заведува во Уписникот за кривични пријави, по што полицијата ја завршува својата работа, односно не треба да поднесува кривична пријава против осомничениот. Во новиот ЗКП целосно не се дефинирани односите помеѓу полицијата и Јавното обвинителство, со што е оставен простор секој случај да го решаваат

[33] (M. Delmas-Marty / J. Spencer (Eds.) (2002). European Criminal Procedures, 415 - Cambridge University Press,Cambridge
[34] Т. Витларов, Г. Калајџиев, М. Лабовиќ, Т. Стојановски (2005). Системска анализа на законската рамка и соработка меѓу надлежните институции во борбата против организираниот криминал, ФИООМ, Скопје

одделно и на тој начин меѓусебно да изградат определени стандарди на меѓусебна комуникација.

Според тоа, автономијата на полицијата може да се согледа од два аспекта и тоа:

- Во слободата дали ќе поведе истрага за определен случај;
- Самостојноста за слободно одлучување за тоа кои мерки и дејствија ќе ги преземе во текот на предистражната постапка.

Слободата на полицијата дали ќе спроведе истрага за определен случај, се мисли на изборот на предметот кој полицијата ќе го работи пред останатите предмети. Давањето предност за преземање мерки за расветлување на одредено кривично дело пред другите, пред сè е поради тежината на истото.

Потешките кривични дела нормално дека се во преден план во однос на полесните, иако и тие кривични дела не треба се занемарат. Имајќи предвид дека поголем дел од кривичните дела се нерасветлени бидејќи се извршени од непознат сторител, затоа полицијата најпрво презема мерки за оние кривични дела кои се со познат сторител и за оние со непознат сторител за кои постои голема веројатност дека ќе бидат расветлени. Понекогаш постои опасност од ваквата автономија во работењето на полицијата, поради можни политички влијанија, што би предизвикало политичка и полициска злоупотреба, со тоа што нема да се преземат мерки за расветлување на одредени предмети.

Самостојноста за слободно одлучување за тоа кои мерки и дејствија ќе ги преземе во текот на истражната постапка, се мисли на изборот на овластувањето кое полицијата ќе го примени, за што не бара одобрение од јавниот обвинител. Полицијата е должна овие овластувања да ги применува веднаш по пријавувањето на кривичните дела, со цел добивање на докази за расфетлување на кривичното дело. Полициските овластувања се дел од Законот за полиција и Законот за кривична постапка, на тој начин се прикажува автономијата во работењето на полициските службеници во предистражната постапка.

ГЛАВА 2

2. УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

2.1. Поим за полиција и нејзината работа

Како што е општо познато, корените на полицијата и нејзината дејност потекнуваат од почетокот на човековата цивилизација. Помеѓу различните народи во историјата зборот полиција имал различно значење. Зборот полиција има корени од грчката „polis politeia“ - град држава, а се појавува во старолатинскиот јазик, односно од латинскиот збор „politia“. Па така, во античка Грција поимот „политије“ го означува моделот на организирана полициска дејност и според Аристотел, полициската служба во стара Грција имала и задача за извршување судски пресуди, како и чување на редот во затворите.[35]

Полициски работи според Законот за полиција, се дејствија на полициските службеници што се однесуваат на:

- Заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;
- Заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, загарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори;
- Спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
- Одржување на јавниот ред и мир;
- Регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата;
- Контрола на движење и престој на странци;
- Обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница;

[35] Аристотел, (1975). Политика, Белград, BIGZ.

- Укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба;
- Обезбедување на определени личности и објекти;
- Други работи утврдени со закон.

Во денешно време полицијата првенствено има задача да го одржува јавниот ред и поредок, односно да се грижи за внатрешната безбедност и да извршува други внатрешни работи. Полициските службеници се тие кои со својата работа ја остваруваат функцијата на Министерството за внатрешни работи. Основна функција на полицијата е заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот загарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството. Оттука полицијата може да биде во: [36]

- Функција во остварување на заштита на правата и слободите на граѓаните, нивната сигурност и безбедност и заштита на правниот поредок преку овозможување на владеење на правото, почитувањето на законите и грижата за непречената и нормално функционирање на државните институции;
- Функција од превентивен карактер, чија цел е спречување и откривање на инкриминирачки дејствија на сторителите на кривичните дела и одржување на јавниот ред и мир.

Превенцијата е од особено значење за успешното функционирање на државата во остварувањето на нејзините основни функции. Успешното откривање на кривичните дела и на нивните сторители, како и одржувањето на јавниот ред и мир придонесуваат за напредокот, стабилноста и сигурноста на основните вредности во општетсвото, за несметаното остварување и уживање на основните човекови права и слободи во секојдневното живеење на граѓаните. При постапувањето во извршувањето на своите активности, полициските службеници доаѓаат во најразлични конфликтни ситуации со

[3636] Стојановски Т., Полицијата во демократското општество, Скопје

граѓаните кои понекогаш резултираат со злоупотреби и повреди. Една од причините за ваквите злоупотреби можат да биде непрофесионалното и незаконското однесување на полицискиот службеник, од друга страна причина за злоупотреба може да биде инкриминирачкото однесување на самиот граѓанин. Поради тоа, двете страни треба да се придржуваат кон законски дозволените или забранети постапки, односно граѓанинот може да го прави сè она кое со законот изрично не му е забрането, додека пак на полицаецот, како овластено службено лице во постапувањето, му е дозволено само она што е предвидено во рамките на законот и за што законот го овластува, сè друго му е изрично забрането. Универзално прифатените стандарди за човекови права и граѓанските и политичките права се водич за полицискиот службеник при постапувањето и користењето на своите овластувања, а кои се законски нормирани.

Со заштитувањето на човековите права полицијата на општ начин го одржува општествениот – јавниот ред, со цел да се овозможи да се уживаат сите човекови права од секоја категорија. Со нарушувањето на општествениот ред, не постои способноста на државата да го овозможи или да го гарантира почитувањето на човековите права. Заштитата на човековите права е функција на полицијата, барањата за почитување на човековите права влијаат врз начинот на кој полицијата треба да ги извршува сите свои функции.[37] Имено, полициските службеници се должни да работат само по законски утврдени норми, без разлика на нивните лични уверувања или чувства. Полициските службеници немаат право слободно да оценуваат дали конкретните дејствувања на граѓаните или граѓанинот се морални или неморални, од нивна гледна точка прифатливи или неприфатливи, оправдани или неоправдани, туку мора во постапка определена со закон да утврди дали постојат основи тоа конкретно дејствување да е спротивно на законот или, пак, е во рамките на законот.

Полициските службеници пред граѓаните се најизразените презентери на моќта на државата, што им создава дополнителен психолошки притисок поради тоа што и тие се граѓани како и другите со свое секојдневие и приватен живот. Дополнителен притисок е и професионално етичко начело според кое полициските службеници немаат одредено

[37] Ralph Crawshaw (2002). Брошура за полицијата, Човековите права и нивната заштита според меѓународното право, стр.9

работно време, тие се на работа и кога не се на служба. Зголемената одговорност и видот на посебните овластувања во одржувањето на редот и мирот и спречувањето и гонењето на извршителите на кривичните дела, статусот на полициският службеник како граѓанин е многу специфичен. Полициският службеник кога презема полициски дејствија при гонењето и откривањето на потешките форми на кривични дела и нивните сторители, тие дејствија однапред треба да се планирани со цел: успешно да се спроведат истраги спрема извршителите на кривичните и прекршочните дела, да се соберат и пронајдат релевантни информации и докази, да се откријат таквите извршители, да се обезбеди нивното присуство или спречи нивното бегство заради успешно водење и завршување на законската постапка против сторителите. За да ги извршуваат успешно своите работни задачи, полициските службеници е потребно длабоко да навлегуваат во сферата на основните права и слободи на граѓанинот. Во случај кога тоа е неопходно потребно, во согласност со закон, полициският службеник може: да посегне по животот и здравјето, да лишува од слобода, да врши претреси на лица, на дом и други простории, да презема дејствија на следење или презема посебни истражни дејствија, да врши распити и интервјуа и да навлегува во приватноста, привремено или трајно доколку се предмет или доказ на кривични дела, да ги одзема таквите предмети, и други мерки и активности кои директно се однесуваат на основните слободи и права.

2.2. Овластувања и должности на полицијата

Полициските овластувања се дејствија пропишани со закон, коишто му овозможуваат на полициският службеник да ги извршува своите работни задачи. Можеме да ги гледаме како право и должност на полициският службеник да преземе одредени активности. Правото и должноста за полициският службеник укажуваат на тоа тој одредени дејствија смее или мора да ги преземе исклучиво на начин и во ситуации кога тоа е пропишано со закон, односно кога законот тоа го дозволува. Во рамките на тие овластувања полициският службеник одредени дејствија ги презема сам или кога некое лице - граѓанин бара да преземе или не преземе нешто. Многу е важно да се истакне дека преземањето на одредено овластување не зависи од волјата на полициският службеник,

туку од конкретните околности кои го одредуваат видот на овластувањето, како и времето на неговото преземање. Сите полициски овластувања се пропишани со закон. Според новиот модел на кривичната постапка, ако полицијата примила кривична пријава за кривично дело кое се гони по службена должност или предлог за гонење, должна е документацијата без одлагање и во редовно работно време да ја достави на надлежниот јавен обвинител. Доколку се пријавува тешко кривично дело, дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку 4 години, во тој случај треба усно и преку средства за комуникација да го извести веднаш надлежниот јавен обвинител.[38] Непочитувањето на човековите права од страна на полициските службеници е присутно, иако примената на полициските овластувања во кривичната постапка се поткрепени со законска основа. Од таа причина на поединецот му се гарантира неговиот дигнитет, односно се заштитува од можна злоупотреба на власта, што значи заедницата е должна на поединецот да му го гарантира правото на живот, слободата, заштита и забрана од мачење, нечовечно или понижувачко однесување или казнување како основни човекови права. Во член 28 од Законот за полиција се уредени полициските овластувања, а тие се:

- Проверка и утврдување на идентитетот на лица и предмети;
- Собирање на информации;
- Повикување;
- Приведување;
- Задржување;
- Потрага по лица и предмети;
- Пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време;
- Предупредување и наредување;

[38] Мурговски Б. Материјал од предавања, предмет Полицијата и човековите права, тема Меѓународни и национани стандарди за улогата и структурата на полицијата во демократското општество

- Привремено одземање на предмети;
- Преглед или претрес на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и вид во определена нивна документација;
- Сопирање, преглед или претрес на лица, багаж и превозни средства;
- Обезбедување и преглед на местото на настанот;
- Примање на пријави;
- Јавно распишување награда;
- Снимање на јавни места;
- Собирање, обработка, анализирање, користење, оценување, пренесување, чување и бришење на податоци, како и обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон;
- Примена на посебни истражни мерки и прикриени извори на податоци;
- Заштита на лица опфатени согласно со прописите за заштита на сведоци.

Самиот Закон за кривична постапка во Република Македонија ги предвидува правата и должностите на полициските службеници, а тие се наведени од член 276 до член 281. Овие права и должности полицијата ги презема применувајќи ги своите овластувања во случај кога има сознание дека постои кривично дело. Полициските службеници се должни да извршат проверки и активности по дознавањето за постоење на кривичното дело, со цел потврдување на истото, вршење проверки за добивање основ за сомневање кон конкретно лице што е услов за преземање на други дејствија.

Ако полицијата по дознавањето за стореното кривично дело започнала со полициските извиди, има должност без одлагање да го извести јавниот обвинител, но сепак известувањето не може да биде секогаш со иста брзина од причина што во одредени

случаи полицијата треба првично самата да ги провери информациите, дали навистина постои некаков основ на сомнение дека се работи за кривично дело кое се гони по службена должност.

Брзината на известувањето зависи и од тежината на кривичното дело, односно доколку се работи за лесни кривични дела, известувањето може да биде и наредниот работен ден, во спротивно ако се работи за тешки кривични дела, полицијата го известува надлежниот јавен обвинител веднаш.

2.2.1 Повикување

Повикувањето претставува многу важно полициско овластување, поради тоа што првичните сознанија за стореното кривично дело се прибираат преку обавениот информативен разговор со повиканите лица. Целта на извршениот разговор со повиканото лице е да се приберат информации кои понатаму би можеле да помогнат во расветлувањето на кривичното дело, односно искористување на добиените информации како доказ во понатамошната постапка. Повикувањето се врши со писмена покана за што се овластени полициските службеници да ја достават на адреса на лицето кое се повикува во надлежната организациона единица заради собирање потребни известувања неопходни за извршување на полициските работи.

Писмената покана содржи: име и презиме на лицето кое се повикува, назив, место и адреса на седиштето на организационата единица на полицијата каде што се повикува лицето, причини за повикувањето, место и време на повикувањето, како и поука за правото на бранител во полициската постапка, како и последиците доколку не се јави на поканата.[39] Па така, покрај претходно споменатите податоци кои се утврдени со закон, на поканата треба да има и печат од организационата единица во која се повикува граѓанинот и потпис на полицискиот службеник кој го врши повикувањето. Писмената покана може да се достави преку редовна пошта или непосредно преку полициски службеник во времето од 06.00 до 22.00 часот. Во случај кога е неопходно и нема простор од одлагање

[39] член 43, Закон за полиција, Службен весник на Република Македонија, број 114 од 03.11.2006 година.

поканата се доставува надвор од претходно споменатото време. Поканата треба да му се достави непосредно на лицето кое се повикува на адресата на која живее или престојува.

Полициските службеници се должни при доставувањето на поканата да го утврдат идентитетот на лицето и да му се обратат на лицето кое ја прима поканата на разбирлив јазик. Лицето кое ја прима поканата треба да се потпише на поканата, а доколку не се потпише, полицискиот службеник изготвува службена белешка во која наведува дека поканата е доставена, иако не е потпишана од лицето кое ја примило. Присилно доведување на лицето кое се повикува може да се спроведе кога има судска наредба во случај кога истото очигледно одбегнува да се јави на уредно доставена покана, а притоа било предупредено на можноста од присилно доведување и тогаш кога своето недоаѓање нема да го оправда. Откако лицето ќе се јави по поканата или присилно ќе се доведе, а одбило да даде известувања, не смее повторно да се повикува заради истите причини. Независно дали лицето е повикано или присилно доведено, истото се поучува за неговите правата, како и за околноста дека истото не е лишено од слобода и дека откако ќе даде или одбие да даде известување може да си оди. Покрај претходно споменатиот начин на писмено повикување, исто така полицискиот службеник може да повика лице усно и преку средствата за јавно информирање. Како и во писменото, така и при усното повикување полицискиот службеник е должен да му ги соопшти причините за повикувањето. Може лицето кое е усно повикано да се превезе со полициско возило до службените простории каде ќе се обавува информативниот разговор, само доколку повиканото лице се согласи на тоа. Кога е неопходно и заради постоење од опасност од одлагање на повикувањето, лицето може да се повика и преку средствата за јавно информирање. Овој начин на повикување се спроведува поради безбедност на постапувањето, како и кога поканата се однесува на поголем број лица. Од извршениот разговор со повиканото лице, полицискиот службеник изготвува службена белешка за извршен разговор со повикано лице. Малолетните лица се повикуваат со доставување писмена покана до нивните родители или старатели.[40]

[40] Член 12, Правилник за вршење полициски работи , Службен весник на Република Македонија, број 149 од 10.12.2007 година.

2.2.2 Приведување

Во нашето законодавство и во секојдневниот говор, главниот проблем е употребата на поимот приведување, односно истиот се употребува кога полициските службеници лишуваат лица од слобода по издадена писмена судска наредба за приведување, како и кога лицето се лишува од слобода без судски налог. Затоа Законот за полиција и Законот за кривична постапка прават разлика така што терминот приведување подразбира апсење по издадена судска наредба, додека лишувањето од слобода претставува апсење без судски налог. Доколку наредбата за приведување не трпи одлагање, истата треба да се изврши во законски определениот временски период од 06.00 до 22.00 часот. Наредбата за приведување ја издава судот ако се исполенти основите за притвор или пак е ако веќе е донесено решение за притвор. Исто така и во претходно споменатиот случај доколку лицето не дојде откако уредно било повикано на информативен разговор, а за тоа не го оправдало своето отсуство или очигледно избегнува да ја прими поканата. Во наредбата се наведуваат: име и презиме на лицето што треба да се приведе, причината, односно основот поради кој се наредува приведувањето, службен печат и потпис од судијата кој го наредува приведувањето.

Заради безбедност на полициските службеници и успешно постапување по наредбата за приведување, приведувањето го вршат најмалку двајца полициски службеници. Пред да се започне приведување, потребно е да се утврди идентитетот на лицето кое треба да се приведе, а исто така и му се предава наредбата и го повикуваат доброволно да појде со нив. Доколку лицето одбива доброволно да појде, тогаш присилно се приведува. Полициските службеници прават проценки пред спроведувањето на ова овластување и во случај кога се очекува активен отпор, приведувањето го вршат без претходно предавање на наредбата, а доколку лицето им е познато и постои опасност од бегство лицето се приведува без претходно негово легитимирање.[41] Во случај кога лицето пружа отпор, полициските службеници употребуваат разумна сила за совладување на неговиот отпор. Независно од тоа дали лицето пружало отпор или не, полициските службеници задолжително изготвуваат службена белешка за приведено лице.

[41] Зафировски В. Јанкулоски З. Калајџиев Г. Стојановски Т. (2003). Полицијата и човековите права – Прирачник за полиција, Скопје, стр.56.

2.2.3 Лишување од слобода

Лишувањето од слобода без судска наредба се извршува во согласност со Законот за кривична постапка, како и со Законот за полиција и Правилникот за вршење на полициските работи и тоа само во исклучителни случаи. Овие правни прописи ѝ овозможуваат на полиција без одлука на суд да лиши од слобода и лице за кое постојат основи на сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност само ако постои опасност од одлагање, ако постои некоја од причините за притвор согласно Законот за кривична постапка, но е должна веднаш, а најдоцна во рок од шест часа од лишувањето од слобода да го изведат лицето пред надлежниот судија на претходната постапка и за тоа да го извести јавниот обвинител. Полицијата составува службена белешка во која ги наведува причините, времето и местото на лишување од слобода, исто така и го известува судијата на претходната постапка. Лице затечено во извршување на кривично дело е лице кое е забележано при вршење на дејствието на делото, односно лице кое непосредно по сторено кривично дело е затечено под околности кои укажуваат дека го сторило кривично дело. Значи лишувањето од слобода се презема доколку постои основано сомнение, односно претставува дејствие за да се обезбеди присуство на лицето, а пред тоа мора да се исполнат условите за да се поткрепи врската со која лицето се поврзува за одредено кривично дело. Овие услови се резултат на основана веројатност дека кривичното дело било сторено од страна на конкретна индивидуа која веќе покажала мотив и имала можност за вршење на одредено кривичното дело. Терминот за овој услов е „основано сомнение“. Лицето лишено од слобода веднаш се запознава со причините за неговото лишување, исто така се поучува за неговите права веднаш или откако за тоа ќе се создадат услови. Лишувањето од слобода може да го изврши секој граѓанин доколку затекне лице при вршење кривично дело кое се гони по службена должност, ако има опасност од бегство, по што веднаш ја известува полицијата.

Па така, лишувањето од слобода во таков случај трае сè до доаѓањето на полициските службеници. Полициските службеници имаат должност лицето лишено од слобода да го известат за причините за лишувањето како и за неговите права: правото на

молчење, правото на бранител и правото да се извести неговото семејство или нему блиску лице.[42] Во случај кога лицето лишено од слобода е под дејство на алкохол, повредено или слично, тогаш информациите за неговите права и причината за лишувањето се даваат кога е тоа најбрзо можно на јазик што го разбира. Како и при применувањето на претходно споменатите овластувања, исто и при лишувањето од слобода, лицето претходно се легитимира, а по правило му се врши преглед заради пронаоѓање предмети погодни за напад и предмети кои би можеле да послужат како доказен материјал во понатамошната постапка, а сè со цел да спречи нивно криење, отфрлање или уништување. Полициските службеници се овластени да го претресат лицето што треба да се лиши од слобода со цел да се отстрани какво и да е оружје што лицето може да се обиде да го употреби, за да и се спротистави на полицијата или да побегне. Законските прописи ја овластуваат полицијата да го претресе лицето што се лишува од слобода, при тоа без да има посебен налог за претрес.

2.2.4 Задржување

Задржувањето претставува едно од поекстремните полициски овластувања, кога е во прашање слободата на движење. Ова овластување полицијата го спроведува на лице кое претходно е лишено од слобода, за кое постојат основи за сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност, под услови и на начин утврдени со посебен закон. Лицето лишено од слобода кое е задржано мора да биде известено за причините за лишувањето од слобода и за задржувањето, како и за делото за кое се товари, ќе се поучи за правото на молчење, правото на информирање на семејството или друго лице по негов избор, правото на бранител и на лекарски преглед. На овие права лицето може да се повика веднаш или во кое било време додека е задржано. Задолжително во рок од најмногу шест часа лицето лишено од слобода треба да се доведе пред полициски службеник за прифат во посебно определените полициски станици.

Полициски службеник за прифат одлучува дали лицето ќе се задржи според

[42] Член 158, Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија, број 150 од 06.12.2010 година.

законските причини или ќе биде пуштено на слобода за што ќе изготви посебно пишано образложение.[43] Во информатичкиот систем на Министерството за внатрешни работи за лицата лишени од слобода се води посебен регистар. Надлежниот јавен обвинител треба редовно да врши увид и контрола во овој регистар, исто така ова право на контрола на регистарот го има Народниот правобранител на Република Македонија. По наредба на полициският службеник за прифат се врши претрес на лицето лишено од слобода при неговото доведување во полициската станица или друго место определено за задржување.

Предметите и трагите кои можат да послужат како доказ или кои можат да ја загрозат безбедноста на лицето лишено од слобода или некое друго лице привремено ќе се одземат со потврда.[44] По потреба ќе се наложи и лекарски преглед на лицето лишено од слобода. Лекарски преглед секогаш ќе се наложи ако лицето се жали на повреда, болка или болест. Службеникот за прифат секогаш ќе праша дали лицето боледува од некаква болест и дали е на некаков медицински третман, односно лекарства полициските станици треба да имаат посебно уредени простории за задржување на лица. Полициският службеникот за прифат за секое задржано лице составува посебен записник во кој се внесуваат податоци за:

- Денот и часот на лишувањето од слобода;
- Причините за лишувањето од слобода;
- Причините за задржувањето;
- Времето кога е поучено за неговите права;
- Знаци на видливи повреди, болест, ментална растроеност и слично;
- Кога е контактирано со семејството, бранителот, лекар, дипломатско-конзуларно претставништво и слично;

[43] член 159, Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија, број 150 од 06.12.2010 година
[44] член 160, Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија, број 150 од 06.12.2010 година.

- Податоци кој и кога разговарал со него;
- Дали е префрлено во друга полициска станица;
- Ослободување или изведување пред суд и други важни податоци.

На крај, задржаното лице се потпишува на записникот, доколку отсуствува потписот на задржаното лице, полицискиот службеник мора да го образложи тоа. По завршувањето на задржувањето на задржаното лице му се дава примерок од записникот, односно при негово пуштање на слобода или предавањето на судијата на претходната постапка. Во случај кога лицето е префрлено во друга полициска станица или друго место определено за задржување, се доставува копија од записникот до тамошниот службеник за прифат. Полицискиот службеник може лицето затечено на местото на извршување на кривично дело да го упати кај јавниот обвинител или да го задржи до неговото доаѓање, доколку тоа лице би можело да даде податоци важни за кривичната постапка и доколку е веројатно дека нивното испитување подоцна не би можело да се изврши или би било поврзано со значително одолжување или други тешкотии, при што задржувањето не може да трае подолго од шест часа.

2.2.5 Потрага по лица и предмети

Една од работните задачи на полицијата е преземањето мерки за пронаоѓање на лица и предмети. Овие мерки можат да бидат во форма на:

1. Потерница;
2. Распис;
3. Објава.

Потерница се распишува за лица за кои е издадена наредба во согласност со закон. Распис се распишува за:

- Лице за кое постојат основи на сомневање дека е сторител на кривично дело или прекршок или за лице кое може да даде известување за сторени кривични дела или прекршоци или за сторителите на такви дела;

- Исчезнати лица.

Додека пак, објава се распишува за:

- Утврдување на живеалиште или престојувалиште на лице;

- Утврдување на идентитет на лице кое не е во состојба да даде лични податоци за себе или за леш чиј идентитет не може да се утврди;

- Пронаоѓање на предмети во врска со кривично дело или прекршок, како и предмети кои се исчезнати.

Потрагата претставува наредба со која се бара од полицијата да се ангажира во пронаоѓање на лица и предмети.[45]

Потерница може да се распише кога постои наредба за приведување на лице кое се наоѓа во бегство, и тоа:

- На осомниченият кој се бара поради основано сомневање дека сторил кривично дело кое се гони по службена должност и за кое според законот може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна;

- Обвинетиот против кого е поведена кривична постапка за кривично дело кое се гони по службена должност и за кое според законот може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна;

- Осуденото лице кое со правосилна пресуда е осудено на казна затвор.

[45] И.Стојанов (1996). Мерки и дејствија во преткривичната постапка, Ревија за криминалистика, криминологија и кривично право, Скопје, стр.341.

Самиот орган што ја води постапката ја издава наредбата за распишување потерница. Наредбата се издава во случај на бегство на обвинетиот, односно осуденият од установата во која ја издржува казната, без оглед на висината на казната.[46] Наредба издава и раководното лице на установата од каде лицето лишено од слобода побегнало.

Потерницата се распишува и во случај на бегство на обвинетиот, односно осуденият од установата во која е упатен со судски акт во здравствена установа со мерка задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа. Оваа наредба за распишување потерница ја издава судот по чија наредба лицето е упатено во установата по претходно добиено известување за бегство од установата. Министерството за внатрешни работи води евиденција за издадените потерници. Податоците за лицата против кои е издадена потерница се бришат од евиденција кога потерницата ќе се отповика.

2.2.6 Насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства

Ова е едно од овластувањата кое полицијата го спроведува во текот на преткривичната постапка со цел спречување на извршувањето на кривични дела, постоење на сомневање дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност, пронаоѓање и фаќање на лице по кое се трага, откривање и обезбедување на траги и предмети кои можат да послужат како доказ во постапката, случаи на загрозена безбедност од елементарни непогоди и други несреќи, собирање известувања што можат да бидат од корист за успешно водење на постапката. Полициските службеници насочувањето на движењето на определен простор го вршат само во потребното време.

Насочувањето се однесува на лица кои се движат пеш или со превозни средства. Заради извршувањето на задачите од овој вид, полициските службеници упатуваат предупредување или издаваат наредби на јасен разбирлив начин, а за оваа цел можат да се упатуваат известувања преку средствата за јавно информирање. За цело време додека се

[46] член 559, Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија, број 150 од 06.12.2010 година.

спроведува оваа мерка, полициските службеници се на терен и ја контролираат ситуацијата.

Па така, за да се организираат и спроведат овие мерки претходно се изготвува план кој содржи:

- Опис на објектот или просторот;
- Време на извршување на задачите;
- Бројот на полициските службеници кои учествуваат во преземањето на мерките, постапката со пронајдените предмети и сторители;
- Потребни материјално-технички средства;
- Заштитна и друга опрема, како и средства и врски за комуникација;
- Превозни средства и слично;
- Начин на непосредно постапување и раководење;
- Одговорно лице на целокупното постапување;
- Други потребни елементи од организационо-функционална или материјално-техничка природа.

Примерок од планот благовремено се доставува до седиштето на Министерството за внатрешни работи. Претпоставениот полициски службеник го одобрува посебниот оперативен план и за негова реализација определува полициски службеници од кои еден се одредува да раководи со постапувањето. Одговорниот полициски службеник со планот непосредно и конкретно ги запознава останатите полициски службеници. Споменатите мерки, зависно од поставените цели и можностите за нивна реализација, можат да се преземат одделно или комбинирано, во вид на оперативно-тактички дејствија, како:

- Блокада;

- Рација;
- Заседа.

Овие оперативно-тактички мерки се спроведуваат по утврдена методологија која се применува според барањата на актуелната криминалистичка пракса.[47]

2.2.7 Привремено одземање на предмети

Полицијата привремено одзема предмети за кои се сомнева дека потекнуваат од кривично дело, а со цел истите во понатамошната кривична постапка да бидат искористени како материјални докази, кои ќе прислужат во докажувањето на постоење на кривично дело, како и вина на осомниченото лице. Па така, полицијата привремено ќе одземе предмет:

- Кога околностите укажуваат дека со одреден предмет е сторено кривично дело или прекршок или предметот е наменет за извршување на кривично дело или прекршок;[48]
- Кога заради заштита на општата безбедност, одземањето на предметот неопходно е потребно;
- На лице на кое привремено му е ограничена слободата на движење, а поседува или може да употреби предмет за самоповредување, напад или бегство;
- Кој може да послужи како доказ во постапката.

Според тоа, полициискиот службеник е должен за привремено одземените предмети да изготви потврда за привремено одземени предмети. Во потврдата задолжително се наведуваат обележјата на привремено одземениот предмет по кои тој се разликува од другите предмети, како и податоци за лицето од кое е одземен предметот, времето кога е

[47] Петровиќ Борислав (2006). Вовед во криминалистика, Приштина, Стр.6
[48] Ибид, Стр. 641

одземен предметот и местото каде што е одземен предметот. Кога од оправдана причина, односно заради својствата на привремено одземениот предмет, чувањето во просториите на организационите единици на полицијата не е возможно или е поврзано со значителни потешкотии, привремено одземениот предмет може да се смести, чува или обезбеди на соодветен начин и во соодветен простор, до донесување на одлука на надлежен државен орган. Со престанувањето на причините поради кои предметот бил привремено одземен, истиот предмет ќе се врати на лицето од кое е одземен. Лицето на кое му се одземени предметите се повикува во полиција за да му се вратат, но доколку истото не ги преземе во определениот рок, кој не може да биде пократок од еден месец, Министерството за внатрешни работи може да организира нивна продажба, кога за натамошната постапка не е надлежен судот или орган на државната управа, во случај кога:

- Постои опасност од уништување или значително губење на вредноста на предметот;
- Големи се трошоците за чување и одржување на предметот или постојат други потешкотии.

2.2.8 Преглед или претрес на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во определена нивна документација

Во присуство на одговорното лице полициският службеник е должен да изврши преглед или претрес на определени објекти, простории на државни органи институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да изврши увид во определена нивна документација, заради:

- Пронаоѓање и фаќање на лице затекнато во извршување на кривично дело кое се дало во бегство;
- Пронаоѓање и фаќање на лице кое при приведување се дало во бегство;

- Пронаоѓање и фаќање на лице за кое е распишана потерница согласно закон;
- Постапување по пријава за присуство на експлозивни направи или друга опасност;
- Заради обезбедување на документација за успешно водење на кривичната постапка.

Па така, полицијата може да го испразни просторот или објектот, да забрани пристап, да изврши преглед и времено да го ограничи движењето во него и неговата непосредна близина, ако постои опасност од загрозување на животот на луѓето или имотот од поголеми размери или заради потреба од поголема безбедност на определени личности кои се обезбедуваат. Полицијата може да изврши против терористички преглед на простории и објекти, заради општа сигурност на луѓето и имотот, како и заради безбедност на јавни собири и приредби.[49]

2.2.9 Сопирање, легитимирање и преглед или претрес на лица, превозни средства и багаж

Во случај кога постојат сознанија дека е можно да се пронајдат траги на кривично дело или предмети што можат да послужат како доказ, полициските службеници се овластени да извршат: сопирање, легитимирање, преглед или претрес на лице, превозното средство и багажот кој лицето го носи со себе. Прегледот на лице подразбира увид и проверка на облеката и обувките, додека под преглед на превозни средства, се подразбира преглед на сите отворени и затворени простори и места во превозното средство и багажот кој се превезува.

Прегледот на лице задолжително го врши лице од ист пол, само во исклучителни ситуации кога тоа е неопходно, итно преглед може да изврши полициски службеник од различен пол, заради одземање на оружје или предмет подобен за напад или самоповредување. Прегледот може да се изврши со помош на технички средства или службено куче, за што се овластени полициските службеници. На лице место со цел

[49] Чл. 60 Закон за полиција, Службен весник на Република Македонија, Скопје, Март 2015год.

обезбедување на судска наредба за претрес, може да се задржи не подолго од 6 часа, лицето кое се прегледува, за кое постојат основи на сомневање дека кај себе, во превозното средство или во багажот кој го носи со себе, поседува оружје или предмети кои можат да послужат како доказ во кривичната постапка. По обезбедување на наредбата за претрес од ставот 6 на овој член, полициският службеник е овластен да употреби разумна сила како крајно средство, ако е тоа нужно за да изврши претрес на лицето или насилно да го отвори затвореното превозно средство или багажот кој лицето го носи со себе, а одбива доброволно да го отвори.[50]

2.2.10 Вршење на увид на местото на настанот

Полицијата по дознавањето дека е извршено кривично дело или настан поради што треба да се излезе на лице место на настанот за да изврши увид, претходно ќе преземе мерки за обезбедување на местот на настанот. Па така, местото на настанот на коешто треба да се врши увид претставува место каде е сторено кривичното дело.

Во пракса увидот на лице место го вршат полициските службеници без присуство, а по овластување на јавен обвинител којшто треба задолжително да биде известен при постоењето на потешки кривични дела. Од досегашната пракса јавниот обвинител на вршењето на увидот на лице место е присутен во случаи кога има смртни последици или настани во кои се предизвикани тешки телесни повреди и материјална штета од поголеми размери.

Врз основа на извршениот увид на лице место од страна на полициските службеници се составува записник. Во прилог на записникот за извршен увид на местото на настанот, се приложува документација доколку е изршено: мерење, снимање, цртање, скицирање, фотографирање или се изготвени посебни планови. Записникот иако би требало да се состави рачно на лице место, сепак полициските службеници тоа го прават во електронска форма по завршувањето на увидот во службените просотории, бидејќи на записникот треба да се потпише само полициският службеник кој раководи со увидот,

[50] Чл. 61 од Законот за полиција, Службен весник на Република Македонија, Скопје, март 2015 год.

односно кој што го изготвува записникот. Во ситуација кога на увидот на местото на настанот е присутен јавен обвинител, тој го изготвува записникот, додека полициският службеник од криминалистичката полиција кој учествува на увидот задолжително изготвува службена белешка во која го наведува се она кое што речиси треба да го содржи записникот, како и добиените информации од непосредно обавените разговори на лице место со лица сведоци во врска со настанот.

2.2.11 Земање отпечатоци, примерок за ДНК-анализа и фотографирање

Одделот за криминалистичка техника во Министерството за внатрешни работи по поднесено барање од страна на полициският службеник од криминалистичката полиција: го фотографира осомничениот, зема отпечатоци од папиларните линии од прстите и дланките, зема биолошки материјал за ДНК-анализа. Земените отпечатоци од папиларни линии и биолошкиот материјал за ДНК-анализа се внесува во Збирката на податоци на Министерството за внатрешни работи, која е централна.

Тие служат за вршење на споредба со трагите од папиларни линии и трагите од биолошко потекло кои се пронајдени и подигнати при вршење увид на место каде е извршено кривичното дело. За да се селектираат пронајдените траги од лице местото потребно да се направи споредба со лица, пред сè со оштетените за кои постои веројатност дека можеле да дојдат во допир со тие предмети.

2.2.12 Препознавање на лица

Во новиот модел на кривичната постапка препознавањето на лица, полициските службеници задолжително го вршат во присуство на јавен обвинител. Претходно сведокот врши опис на осомниченото лице, којшто опис влегува во записникот. Осомничениот има право на бранител за време на препознавањето. Ако осомничениот ѝ е познат и достапен на полицијата, сведоците може да извршат препознавање на следниве методи:

- Со смотра;
- Со групна идентификација;
- Со видеофилм;
- Со соочување.

За да се спроведе препознавањето со смотра, потребно е да се обезбедат лица кои имаат сличен изглед како и осомничениот, за да биде правично постапката. Смотрата треба да биде фотографирана или да се сними со видеокамера.[51]

2.2.13 Примање на кривична пријава

Кривичните дела најчесто се пријавуваат од страна на оштетените, за што од страна на полициските службеници се изготвува записник. Кривичните пријави можат да бидат поднесени и од страна на лица сведоци, како и од кој било друг граѓанин. Кривичните пријави можат да бидат во усна или писмена форма, без разлика на кој начин се пријавени, полициските службеници се должни да постапуваат по истите. Писмените пријави се доставуваат до организационите единици на Министерството за внатрешни работи. Усните пријави можат да бидат примени во полициските станици, но и надвор од нив.

Па така, по примањето на усната пријава во службените простории полицискиот службеник составува записник за примање пријава, и во записникот се наведуваат:

- Време и место на прием, назив на организационата единица на полицијата во која е примена пријавата, име и презиме на полицискиот службеник кој ја примил и на записничарот кој ги внесува податоците;
- Лични податоци за подносителот на пријавата;

[51] Чл.278 од ЗКП, Службен весник на Република Македонија, број 150 од 06.12.2010 год.

- Констатција дека поднесителот на пријавата е предупреден за последиците од лажно пријавување;
- Опис на настанот;
- Исказ на лицето кое ја поднело пријавата, за неговото основано сомневање дека лицето против кое е поднесена пријавата е сторител на казниво дело или дека истото е соучесник во негово извршување;
- За фактите на кои го заснова основаното сомневање;
- Личниот опис, личните и други податоци за лицето, како и податоци за местото каде лицето може да се пронајде;
- Податоци за доказите со кои се потврдува веродостојноста на изјавата на подносителот на пријавата, односно ако станува збор за материјални докази, се наведуваат предметите, трагите или другите материјални докази, а ако тоа се искази на сведоци, се наведуваат нивните лични податоци;
- Констатација дали подносителот на пријавата е оштетен или не;[52]
- Попис и опис на украдените или оштетените предмети, поединечно и детално, како и приближна висина на сторената штета;
- Изјава со која подносителот на пријавата кој е оштетен со стореното казниво дело се поучува за неговото право за поведување на постапката за остварување на имотно-правно барање.

Така составениот записник полицискиот службеник е должен да му го прочита на пријавителот, кој може да побара дополнување, со што се внесуваат неговите забелешки. Откако ќе биде изготвен записникот, се потпишуваат полицискиот службеник и пријавителот. Во случај пријавувањето да е надвор од службените простории од страна на

[52] Чл. 165, Правилник за вршење на работите на министерството за внатрешни работи, Службен весник на РМ, бр.19/95

полициският службеник се изготвува службена белешка за примена пријава за сторено кривично дело. Службена белешка се изготвува и кога е пријавено кривично дело преку телефон или други средства за комуникација. Доколку примената кривична пријава и од известувањето на настанот се оцени дека сè уште не постојат основи на сомневање дека е извршено кривично дело, полициският службеник ќе преземе мерки за разјаснување на фактичката состојба, при тоа водејќи сметка да не се наштети на честа и угледот на лицето за кое се собираат известувањата.[53]

Полициският службеник по примањето на кривичната пријава е должен да ги преземе потребните мерки, притоа применувајќи ги своите овластувања, по што може да се утврди дека пријавениот настан не претставува казнено дело, или пак, се констатира дека се работи за кривично дело кое се гони по приватна тужба. Во ваков случај полициският службеник е должен веднаш да го извести пријавителот, односно оштетениот.

2.2.14 Поднесување на кривична пријава

Како што веќе беше спомнато по примањето на кривичната пријава полициските службеници се должни да постапуваат по неа со цел прибирање сознанија и докази во врска со настанот. Врз основа на преземените мерки за пријавеното кривично дело кое се гони по службена должност, кое е извршено од страна на непознат сторител, полициските службеници поднесуваат кривична пријава против непознат сторител до надлежниот јавен обвинител.

Во прилог на оваа кривична пријава се доставува записникот за примање пријава, или пак, записникот за извршен увид на местото на настанот, како и друга документација која може да даде појаснување во врска со настанот. Доколку од извршените проверки се докаже постоењето на кривично дело кое се гони по службена должност и се соберат доволно докази за докажување на вината на одредено лице, до Јавното обвинителство се

[53] Чл. 165, Правилник за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи, Службен весник на РМ, бр.19/95

поднесува кривична пријава против осомниченият. Во прилог на оваа кривична пријава се поднесуваат сите докази, односно целокупната документација која го докажуваа постоењето на кривичното дело и вината на осомниченият. Тука спаѓаат: предмети, скици, фотографии, прибавени извештаи, списи за преземените мерки и дејствија, службени белешки и други материјали кои можат да бидат корисни за успешно водење на постапката. По поднесувањето на кривичната пријава, полициските службеници можат да направат дополнение на пријавата, кога ќе се добијат нови факти, докази или траги на кривичното дело.

2.3. Посебни истражни мерки

Посебните истражни мерки, со кои битно се навлегува во приватноста, може да се определат само тогаш кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се соберат. Каталогот на мерките за кривичните истраги е таксативно набележан во Законот за кривична постапка и не може да се менува со друг закон или подзаконски акт.[54]

Во новиот ЗКП се наведени 12 посебни истражни мерки а тие се:

- Следење и снимање на телефонските и електронски комуникации;
- Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор;
- Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства;
- Таен увид и пребарување во компјутерски систем;
- Автоматско пребарување и споредување на личните податоци;
- Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации;
- Симулиран откуп на предмети;

[54] Калајџиев, Бужаровска, Истражна постапка, Прирачник за практичари, стр.31

- Симулирано давање и примање поткуп;
- Контролирана испорака и превоз на лица и предмети;
- Користење на лица со прикриен идентитет;
- Отворање банкарска сметка;
- Симулирано регистрирање на правни лица.

Посебните истражни мерки може да се определат само за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години, а за кои постои основано сомневање дека се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, како и за некои таксативно наведени кривични дела од Кривичниот законик.[55]

Јавниот обвинител е должен да му го образложи барањето за примена на посебните истражни мерки на судијата на претходна постапка, доколку длабоко зе навлегува во приватноста на лицата, по што судијата на претходна постапка со писмена наредба ги определува мерките, исто така со писмена наредба другите мерки ги определува јавниот обвинител. Додека пак, како доказ во кривичната постапка можат да се искористат: податоците, известувањата, документите и предметите прибавени со примена на посебните истражни мерки, под услови и на начин утврдени во законот за кривична постапка.

[55] Јовчевски Ј. Калајџиев Г. и др. (2009). Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на РМ, МРКПК, бр. 2 стр. 155.

ГЛАВА 3

3. ПОЛИЦИЈАТА И ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

3.1. Функција и должности на јавниот обвинител

Јавниот обвинител е субјект во кривичната постапка кој ги застапува интересите на граѓаните оштетени од извршувањето на кривични дела кои се гонат по службена должност. Своите работни задачи ги извршува самостојно согласно Уставот и законите на Република Македонија, како и согласно меѓународно ратификуваните договори. Почитувајќи ја правната регулатива, јавниот обвинител има обврска функцијата да ја врши законито, непристрасно и објективно, да ги почитува и заштитува слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти.

Исто така, од негова страна е потребно континуирано залагање за поефикасно функционирање на кривично-правниот систем. Негово право и должност е:

- Да ги насочува дејствијата на органите надлежни за откривање и пријавување на кривичните дела и нивните сторители;
- Да предлага или да издава наредби за примена на посебни истражни мерки под услови и на начин определени со овој закон;
- Да донесува наредба и да спроведува истражна постапка;
- Да пронаоѓа и обезбедува докази, под услови и на начин определени со овој закон;
- Да предлага привремени мерки за обезбедување на имот или предмети прибавени со извршување на кривично дело или заради извршување на мерката конфискација;
- Да одлучува за одлагање на кривичното гонење под услови и на начин определен со овој закон;
- Да предлага издавање на казнен налог под услови определени со овој закон;
- Да преговара и да се спогодува со обвинетиот за признавање на вина, на начин и под услови определени со овој закон;
- Да одлучува по приговор, кога тоа е определено со закон;
- Да поднесува и застапува обвиненија пред надлежниот суд;

- Да поднесува жалби против неправосилни судски одлуки и вонредни прави лекови против правосилни судски одлуки;
- Да презема и други дејствија утврдени со Законот за кривична постапка.[56]

Според тоа, за да ја оствари работната цел, на јавниот обвинител на располагање му е правосудната полиција, во која влегуваат: организационите единици на МВР, Финансиската полиција и Царинската управа, коишто согласно законски утврдениот делокруг на работи, преземат мерки и активности за откривање на кривичните дела и нивните сторители, обезбедување на докази за кривичните дела и преземање на други мерки за непречено водење на кривичната постапка и припадици на правосудната полиција во истражните центри на Јавното обвинителство.

Начелно, јавниот обвинител при работењето треба да се залага за еднаквост на граѓаните во применување на законот, да не се прават поделби на полова разлика, раса, боја на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба. Според тоа, не смее да дозволи некој да влијае над него, со што било предизвикало пристрасност, и би се нарушила неговата самостојност при работењето. Функцијата на јавниот обвинител не треба да биде сфатена само во гонењето на извршителот, односно за докажување на вината на обвинетиот во постапката. Пред сè, како државен орган потребно е да се залага за утврдување на вистината и за донесување правилна одлука. Тој може да застане од страна на обвинетиот на тој начин што ќе поднесе жалба против пресудата во корист на обвинетиот, со што ќе докаже дека неговата функција не е само гонењето.

Во самиот процес потребно е објективно да ја врши својата функција, така што ќе ги испитува и утврдува фактите кои се против обвинетиот, како и оние кои се во корист на обвинетиот. Во рамките на неговите процесни овластувања спаѓа и присуството на јавниот обвинител на седници на жалбениот суд, учествување во постапката за пренесување на месна надлежност, а како единствено овластен орган за заштита на законитоста овластен е да поднесува барање за заштита на законитоста во корист на обвинетиот односно осудениот и во случај кога со пресудата може само да се утврди

[56] Чл. 39 од ЗКП, Службен весник на Република Македонија, број 150 од 06.12.2010 год

повреда на законот.[57] Како државен орган, јавниот обвинител учествува и во низа т.н. неправи кривични постапки, како што се постапката за екстрадикција, постапката за примена на мерките за безбедност, постапката за бришење на осудата итн.[58]

Како што беше погоре споменато, вршењето на функцијата за гонење и откривање на кривичните дела ја врши со помош на правосудната полиција. Нивна заедничка цел е пронаоѓање на сторителот и собирање траги и предмети кои можат да се користат како докази во понатамошната постапка против сторителот. Јавниот обвинител ја има улогата како раководител на истрагата, поради тоа потребно е да го следи работењето на полицијата и другите државни органи при преземањето дејствија во предистражната постапка. Пред сè, се мисли на чинот на прибирање на доказите кои е потребно да бидат прибавени согласно законските овластувања и норми.

Добиените докази на начин надвор од законската регулатива и повредувајќи ги правата и слободите на граѓанинот не се од полза за јавниот обвинител во понатамошната кривична постапка. Во случај на воочени недоследности во работењето, пречекорување на службените овластувања и повреда на принципите на работата, употреба на огнено оружје и слично, јавниот обвинител може да преземе законски определени мерки.[59] На овој начин се докажува залагањето на јавниот обвинител за заштита на уставноста и законитоста.

Во борбата против организираниот криминал во државата, кој има карактеристики на транснационален криминалитет, Јавното обвинителство на Република Македонија, согласно законските овластувања и меѓународните договори, може да соработува со јавни обвинителства од други држави. Оваа борба против организираниот криминал и потешките форми на кривични дела може да се остварува преку непосредна размена на податоци, непосредна соработка, едукација, специјализација на кадри и други форми на соработка.

[57] Чл. 406, ст .3 и член 408, ст .1, ЗКП, Службен весник на Република Македонија, број 150 од 06.12.2010 год.
[58] Матовски Н., Лажетиќ-Бужаровска Г., Калајџиев Г. (2011). Кривично процесно право (Второ изменето и дополнително издание), Скопје, стр 109-110
[59] Чл. 35, Закон за јавно обвинителство, Службен весник на Република Македонија, број 150 од 12.12.2007 год.

3.2. Постапување на Јавното обвинителство по кривичните пријави

Јавното обвинителство е должно да постапува по сите кривични пријави доставени до него, независно дали тие се од државна институција, правно лице или граѓанин. Голем дел од поднесените кривични пријави се невистинити, или пак, немаат елементи на кривично дело кое се гони по службена должност.

Не само по писмено пријавените кривични пријави, Јавното обвинителство постапува и по кривичните пријави кои ги добива усно, односно по допрен глас.

3.2.1. Проверка на кривичната пријава

Општо познато е дека полицијата, како и другите органи надлежни за откривање на кривичните дела, доставуваат кривични пријави до Јавното обвинителство. Во новиот модел на кривичната постапка на јавниот обвинител му се дадени законски можности за проверка на наводите во кривичната пријава, во текот на предистражната постапка. Проверките јавниот обвинител најчесто ги врши преку полицијата или други органи надлежни за откривање на кривични дела, т.е. правосудната полиција.

Според тоа, за да започнат со ваквите проверки, службените лица од правосудната полиција претходно мора да добијат наредба од јавниот обвинител, кој во наредбата дава насоки на кој начин да се извршат проверките. Исто така, при вршењето на овие дејствија на службените лица може да присуствува и јавниот обвинител. Правосудната полиција податоците од извршените проверки на јавниот обвинител му ги доставува најдоцна во рок од 30 дена од приемот на наредбата. Кога се работи за тешки кривични дела, кои се извршени од повеќе лица или од организирана криминална група, споменатиот рок на доставување на податоците од извршените проверки може да биде надминат, а за тоа ќе се побара согласност од јавниот обвинител.

Јавниот обвинител проверките од пријавените кривични дела може да ги изврши лично, преку непосреден разговор најпрво обавен со пријавителот, а потоа и со други лица

кои би можеле да ги потврдат или негираат наводите во кривичната пријава. Овие лица можат да бидат искористени и како сведоци во понатамошната кривична постапка. Претходно јавниот обвинител ги известува за причините лицата кои ги повикува на разговор за појаснување на кривичната пријава, а за известувањата добиени од извршениот разговор составува записник.

При испитување на сведоци во претходна постапка, предвидена е можноста за снимање на испитувањето на сведокот.[60] Во случај кога се работи за испитување на лице на возраст помало од 16 години, снимањето на разговорот е задолжителен, како и во случај кога постои опасност дека сведокот за настанот може да не присуствува на главната расправа. Во предистражаната постапка како и пријавителот и сведоците, јавниот обвинител има право да го повика и осомниченото лице. При неговото испитување може да се направи визуелно-тонско снимање. Од снимениот разговор се прават три снимки, една за јавниот обвинител, една за осомниченият и една запечатена се предава на судијата на претходна постапка.[61] Независно дали се врши снимање на разговорот, јавниот обвинител е должен да изработи писмен препис кој се приложува во списите на предметот.

Во случај кога постои опасност од одлагање, во постапка предвидена со закон, јавниот обвинител може наводите во кривичната пријава да ги провери и со преземање на истражни дејствија, односно може да предложи и преземање на мерки за пронаоѓање лица и предмети – претрес и привремено обезбедување и одземање на предмети или имот, а може да спроведи и доказни средства – да обезбеди исказ на обвинет, искази на сведоци, да нареди увид и реконструкција, како и вештачење. Исто така, во овој стадиум на постапката, согласно законските одредби, јавниот обвинител може да определи и преземање на посебни истражни мерки. Траењето на предистражната постапка е временски лимитирано. Јавниот обвинител е должен во рок од 3 месеци, од денот на приемот на кривичната пријава, да одлучи по истата. Во спротивно, тој е должен веднаш писмено да го извести повисокиот јавен обвинител и подносителот на кривичната пријава.

[60] Чл. 225 од ЗКП, Службен весник на Република Македонија, број 150 од 06.12.2010 год
[61] Чл. 285 од ЗКП, Службен весник на Република Македонија, број 150 од 06.12.2010 год

Во известувањето до повисокиот јавен обвинител, тој е должен да даде и причини за ваквото неодлучување по поднесената кривична пријава.[62]

3.2.2. Отфрлање на кривичната пријава

Во случај кога пријавеното дело не претставува кривично дело кое се гони по службена должност, ако настапила застареност на кривичното дело или делото е опфатено со амнестија или помилување, ако постојат други околности што го исклучуваат гонењето или ако не постои основано сомневање дека пријавениот го сторил кривичното дело, јавниот обвинител ќе ја отфрли кривичната пријава и притоа ќе изготви решение.[63] Задолжително таквото решение му се доставува на оштетениот кој во рок од осум дена може да поднесе жалба до непосредно повисокиот јавен обвинител. По оваа жалба потребно е јавниот обвинител да донесе одлука најмногу за триесет дена по приемот. Жалбата треба да биде доставена на време, по што повисокиот јавен обвинител може да го потврди решението за отфрлање на кривичната пријава или може жалбата да ја уважи и да го задолжи понискиот јавен обвинител да ја продолжи постапката.

Според тоа значи во новиот модел на кривичната постапка во овој дел се прави измена со напуштањето на супсидијарен судија. Со овие измени во кривичната постапка на јавниот обвинител не може да му се изврши судска контрола врз донесените решенија за отфрлање на кривичните пријави, односно му се дава судско овластување, тој да одлучува по жалбите од оштетените.

Исто така, во овој модел на кривичната постапка недозволиво е оштетениот да биде тужител, кога веќе јавниот обвинител одлучува за спроведување на истражна постапка и раководи со истата. Јавниот обвинител по поднесената кривична пријава може да не покрене постапка, кога за кривичното дело е предвидена казна затвор под три години или парична казна, ако осомниченият се покае и преземал мерки за спречување на штетните последици или ја надоместил материјалната штета. Исто така, одлука за не продолжување

[62] Тромбева Мери, Улогата и постапувањето на јавниот обвинител во предистражната постапка, стр.5
[63] Чл. 288 од ЗКП, Службен весник на Република Македонија, број 150 од 06.12.2010 год.

на постапката јавниот обвинител може да донесе во случај кога во Кривичниот законик е предвидена можност сторителот на кривичното дело судот да биде ослободен од казна, тогаш јавниот обвинител ќе оцени дека пресудата без кривична санкција не е потребна. Кога осомниченият е член на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, доброволно соработува, а таквата соработка и изјава на тоа лице е од суштинско значење за кривичната постапка, тогаш таа постапка против тоа лице може да биде запрена.

3.2.3. Поведување истражна постапка

Во случај кога јавниот обвинител ќе оцени дека постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог, ќе донесе наредба за спроведување на истражна постапка. Во текот на истражната постапка треба да соберат докази и податоци кои му се потребни да одлучи дали ќе поднесе обвинение или ќе се откаже од кривичното гонење.

Па така, истражната постапка започнува со донесување на наредба за нејзино поведување, од страна на јавниот обвинител и истата се поведува против определено лице, при постоење на основано сомнение за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност. Со тоа што јавниот обвинител активно се вклучува во истражната постапка, неговата улога сосема се разликуваа од онаа која ја имаше истражниот судија како раководител на истрагата. Со новите законски решенија кои се нудат во ЗКП, истражната постапка се деформализира, и јавниот обвинител во текот на истражната постапка, собира докази и податоци кои му се потребни за да може да одлучи дали ќе поднесе обвинителен акт, или ќе се откаже од кривичното гонење.[64]

Во текот на истрагата, бранителот може да му дава предлози на јавниот обвинител за преземање на определени истражни дејствија заради собирање на докази и може да

[64] Гордан Калајџиев, Позначајни концепциски разлики во реформата на истрагата во Хрватска и Македонија

презема дејствија заради пронаоѓање и собирање докази во корист на одбраната.[65] Државните органи и други институции се должни по барање на бранителот во рок од 30 дена да му ги достават податоците кои бранителот ги бара во врска со истражните дејствија за предметот кој го застапува.

Според тоа доколку не му се обезбедат бараните информации од овие органи, бранителот може да му се обрати на судијата на претходна постапка кој издава наредба за доставување на бараните податоци. Јавниот обвинител по завршувањето на истрагата го известува осомничениот и неговиот бранител за доказите со кои располага, исто така треба да му ги каже и доказите кои ги дознал, а кои се во прилог на одбраната. Осомничениот и неговиот бранител во рок од 15 дена можат да поднесат докази кои се во корист на одбраната. Воведувањето на доказно рочиште претставува, исто така, значајна новина во истражната постапка.

За одржување на доказно рочиште, по поднесено барање на странките, судијата донесува решение на претходната постапка и тоа може да се одржи само доколку е веројатно дека сведокот поради болест или смрт нема да може да се сослуша на главната расправа, ако е потребно вештачење врз лице или предмети чија состојба е подложна на неизбежни промени или заради препознавање, ако причини на итност не дозволуваат одлагање до главната расправа. Доказното рочиште го спроведува судијата на претходната постапка и доказите кои се изведени на доказното рочиште може да бидат употребени на главната расправа, но само против оној обвинет чиј бранител бил присутен во текот на доказното рочиште, освен во случаи кога осомничениот изречно се откажал од правото на бранител.[66]

3.3. Односот помеѓу јавниот обвинител и полицијата во новиот закон за кривична постапка

Подобрената соработка помеѓу полицијата и јавниот обвинител е основен белег на истрага во новиот модел на кривичната постапка. Јавниот обвинител е тој којшто

[65] Гордан Калајџиев, Драган Тумановски и Дивна Илиќ – Проект, Казнено правна реформа и почитувањето на човековите права во РМ, Истражување
[66] Тромбева Мери, Улогата и постапувањето на јавниот обвинител во предистражната постапка, стр.8

раководи со целокупната истражна постапка, поради тоа полицијата, како и другите органи кои можат да помогнат во расветлувањето на делата се должни навремено да го информираат јавниот обвинител за преземените мерки. Имајќи ја предвид праксата дека во најголемиот дел кривичните дела се пријавуваат во полиција, истата во новата истражна постапка е должна да го извести јавниот обвинител доколку постои основа на сомневање дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност.

Па така, во случај кога е извршено кривично дело за кое е предвидена затворска казна најмалку 4 години, полицијата итно без одлагање мора да го извести јавниот обвинител усно, а потоа и официјално, така што ќе изготви писмено известување. Полиција согласно законски утврдениот делокруг на работи презема мерки и активности за откривање на кривичните дела и нивните сторители, обезбедување на докази за кривичните дела и преземање на други мерки за непречено водење на кривичната постапка.

Јавниот обвинител во текот на истрагата ѝ издава наредби за постапување на полицијата, која е должна да постапи по наредбите и во рок од 30 дена од приемот на наредбата да го извести преземените мерки. Јавниот обвинител може рокот за известување да го продолжи за најмногу 30 дена во случај на сложени случаи, на тешки кривични дела сторени од криминална група или од повеќе лица. Полицијата треба континуирано да презема истражни дејствија, без оглед на тоа дали претходно има добиено наредба и насоки за постапување и за добиените резултати од полициските извиди е должна да го информира јавниот обвинител.

Според досега изнесеното, врв на соработката на полицијата и обвинителството во новиот модел на кривичната постапка треба да биде функционирањето на истражните центри каде работните задачи заеднички ќе ги извршуваат вработени од двете институции, како и од други институции кои се дел од таканаречената „правосудна полиција“ во новиот закон за кривична постапка. Констатација е дека во новиот модел на кривичната постапка јавниот обвинител е хиерархиски е надреден над полицијата во делот на целата постапка, па дури и во предистражната постапка. Јавниот обвинител во постапката ја

користи полицијата како алатка во работата за гонење, пронаоѓање, обезбедување на докази и откривање на сторителите на кривични дела.

Според тоа, полицијата е во подредена улога во однос на јавниот обвинител, имајќи предвид дека е должна да постапува по наредбите и насоките на јавниот обвинител, од кого е контролирана при применувањето на полициските овластувања и преземањето мерки. Општа констатација е дека односот помеѓу овие институции треба да биде објективен во склад со законските решенија во кои јавниот обвинител има раководна улога во кривичната постапка и треба да постои добра организација, тимска работа, коректност во постапувањето, како и контрола и анализа на секоја преземена мерка од страна на полицијата, а исто така и полицијата ќе се ослонува во работата на насоките и наредбите што ги дава јавниот обвинител, со што ќе се избегне секаква злоупотреба на овластувањата, и ќе се добие во квалитетет во постапките.[67]

Па така, полицијата покрај тоа што го известува јавниот обвинител за добиените информации и докази во врска со кривичното дело, го известува и во случај кога осомниченият е лишен од слобода или е задржан во просториите на организационите единици на Министерството за внатрешни работи. Во прилог на известувањето за дознавањето и преземени мерки на јавниот обвинител му се доставува и записник. Полицијата навремено ќе го извести јавниот обвинител за потреба за добивање на налог за претрес од страна на судијата за претходната постапка, поднесувајќи барање во кое ја образложува оправданоста за вршењето на претресот. Се наведуваат сите податоци кои укажуваат дека претресот е неопходен за пронаоѓање на сторителот на кривичното дело или предмети и траги релевантни за кривичната постапка, за кои се претпоставува дека се наоѓаат на тој одреден простор или кај определено лице. Полицијата оценува дали да го извести јавниот обвинител надвор од неговото работно време во случај кога привремено одзема предмети кои би можеле да потекнуваат од кривично дело.[68]

[67] Прирачник за законот за кривична постапка, Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Центар за обука, стр.17
[68] Академија за судии и јавни обвинители, Прирачник за обучувачи, Предистражна постапка, Модул 1, 2012 год., стр.9

Во следната табела ќе го претставиме вкупниот број на пријавени, обвинети и осудени (полнолетни и малолетни) сторители на кривични дела од 2010 година (од кога е стапен на сила новиот Закон за кривична постапка) до 2020 година.

Табела 1: Статистички податоци[69]

Година	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Вкупно	15511	15383	14627	15480	15012	16113	15408	11866	10603	11609	12255

3.4. Полицијата во истражните центри на Јавното обвинителство

Како што веќе беше спомнато односите помеѓу Јавното обвинителство и полицијата и формирање на правосудната полиција и истражни центри на јавното обвинителство се голема новина во претходната постапка. Со формирањето на истражните центри ќе се овозможи поголема координација на службените лица кои ќе бидат дел од нив. Во новиот модел на кривичната постапка предвидено е овие истражни центри да бидат формирани на подрачјата на едно или повеќе јавни обвинителства.

Па така, на тој начин подобро би се остварувала основната цел, односно откривање на кривичните дела и гонење на сторителите. Во истражните центри, во тимот на јавниот обвинител предвидено е да има криминалистички инспектори, како и припадници од органите кои се дел од правосудната полиција. Влезот на вработените во овие истражни центри е по претходно распишан интерен оглас од страна на јавниот обвинител кој ќе го бира својот тим. Истите ќе бидат под функционална подреденост на јавниот обвинител. Тие се должни да работат под негова контрола и надзор, да ги извршуваат наредбите на јавниот обвинител и да работат согласно неговите насоки и упатства.

Според лично мое мислење како припадник на полицијата, овие истражни центри би требало да бидат формирани во секое Основно јавно обвинителство со зголемена

[69] Државен завод за статистика на Република Македонија

надлежност и еден во Основното јавно обвинителство за гонење на кривични дела од областа на организираниот криминалитет и корупција. Секојдневната вербална комуникација во која ќе се разменуваат информации за кривичните дела помеѓу вработените во истражните центри ќе придонесе за поголема ефикасност.

Од друга страна би се намалила писмената комуникација, која во пракса кај вработените одзема најголем дел од времето. Во ваквиот начин на функционирање на јавниот обвинител ќе му биде поедноставно да оцени какви докази му се потребни кои понатаму би ги употребил во прилог на обвинението, како и нивно презентирање на главната расправа. Заради прецизирање на бројот на полициски службеници кои би биле потребни во истражните центри, потребно е да се донесе подзаконски акт кој би го уредил ова прашање. Потребно е да се направи детална анализа, а предвид би требало да бидат земени постојните состојби и потреби по региони, раководејќи се од бројот на предметите во работа во Јавните обвинителства. Исто така, потребно е да се остави праксата да покаже колку човечки ресурси и од кои институции се потребни во истражните центри, во зависност од обемот на работа.[70]

Според тоа, во истражните центри не би требало да се ограничи самоиницијативноста на полициските службеници кои ќе бидат дел од нив, иако јавниот обвинител ќе раководи со истрагата, сепак искуството на полициските службеници во делот на криминалистичките истраги е далеку поголемо од она на јавниот обвинител.

3.5. Раководење на јавниот обвинител со полицијата

Јавниот обвинител мора да ја надгледува работата на полицијата, особено кога е во прашање почитување на правата на обвинетиот. Јавните обвинители се овластени и во сите други случаи на полицијата да ѝ издаваат посебни инструкции за работа, односно да ја надгледуваат и контролираат работата на полицијата.[71]

[70] Витларов Тодор, Новата улога на јавниот обвинител во казнената постапка, стр. 83
[71] Витларов Тодор, Новата улога на јавниот обвинител во казнената постапка, стр.72

Од друга страна, полицијата е должна да постапува по наредбите и насоките дадени од јавниот обвинител. На овој начин доделените улоги во новиот модел на кривичната постапка на полицијата не ѝ се дозволува да се најде во надредена позиција во однос на јавниот обвинител, поради тоа што е обврзана навремено да го известува јавниот обвинител за сите преземени дејствија во врска со кривичното дело, од друга страна пак, јавниот обвинител во претходната постапка не е повеќе пасивен субјект. Во новиот модел на кривичната постапка улогата на јавниот обвинител се зајакнува, со тоа што му е дадено правото да иницира поведување на дисциплинска постапка за дисциплинска одговорност на припадниците на правосудната полиција.

Оваа дисциплинска постапка јавниот обвинител ја поднесува до органот каде се вработени припадниците на правосудната полиција. По завршувањето на дисциплинска постапка надлежниот орган го известува јавниот обвинител за донесената одлука. Доколку од таквата одлука јавниот обвинител не е задоволен, ја известува Владата на Република Македонија.

Според тоа, очигледно е дека ваквите законски решенија не се предвидуваат само со цел да се зајакне улогата на јавниот обвинител во претходната постапка. Тие истовремено значат и воспоставување на одредени механизми на јавнообвинителска контрола врз работата на полицијата, што несомнено е од голема важност, ако се има предвид дека пречекорувањето на полициските овластувања значи директен атак на човековите слободи и права.[72]

Новиот ЗКП предвидува уште една новина која е од особено значење за јакнење на позицијата на јавниот обвинител и обезбедување на неговата раководна улога во претходната постапка. Тоа е воведувањето на таканаречените истражни центри, во кои ќе бидат вработени припадници на правосудната полиција кои ќе му бидат целосно на располагање на јавниот обвинител и ќе работат под негова контрола и надзор и за својата работа ќе му одговараат на јавниот обвинител.[73] Ваквата контрола практично јавниот

[72] Гордан Калајџиев, Воислав Зафировски, Воислав Гавровски, Уранија Пировска, Звонимир Јанкуловски и Зехра Ибраим, Анализа на домашното законодавство, институции и практика во случаи на пречекорување на овластувања од страна на овластени службени лица
[73] Мери Тромбева, Улогата и постапувањето на јавниот обвинител во предистражната постапка, стр.3

обвинител ќе ја нема над полициските службеници кои не се дел од неговиот тим, а кои исто така имат должности и овластувања да преземаат мерки во предистражната постапка.

Новиот закон за кривична постапка на некој начин има заштитничка улога на полициските службеници кои се дел од истражните центри, во поглед на нивното прераспоредување на друго работно место во Министерството за внатрешни работи, или пак да бидат спречени да го работат предметниот случај без одобрение на јавниот обвинител. Меѓутоа и покрај јасната надлежност на Обвинителството, полицијата тешко во пракса им се покорува на наредбите на јавниот обвинител во споредба со одговорностите што полициските службеници ги имаат и чувствуваат кон претпоставените полициски началници.[74]

ГЛАВА 4

4. УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО ДРУГИ ЗЕМЈИ

4.1. Босна и Херцеговина

Реформата на кривичната постапка во Босна и Херцеговина доведува паралелна промена на улогите на јавниот обвинител и полициските службеници. Направено е обединување на претходната и преткривичната постапка, односно во една единствена истрага, под раководство на надлежниот јавен обвинител.

Полициските службеници се со проширена улога во истражната постапка, покрај иницијатори и поднесувачи на кривични пријави (според претходниот закон за кривична постапка), им се дава улога на активен истражен субјект. Ваквата реформа е од суштинско значење за кривичната постапка, затоа што полициските службеници со својата работа ја прават истрагата побрза и поефикасна, поради соработката која ја имаат со раководителот на истрагата, во случајот јавниот обвинител. Овласувањата кои и ги користат полициските

[74] Бужаровска Г. Редефинирана улога на јавниот обвинител во казнената постапка во Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје

службеници се законски дефинирани, мерките и активностите кои ги преземаат имаат статус на истражни дејствија, додека добиените изјави и докази кои полициските службеници ги прибираат во текот на истрагата, а кои се содржани во одредбите на Законот за кривична постапка на Босна и Херцеговина, имаат доказен карактер.

Можеме да заклучиме дека кривичната постапка не би постоела доколку истата не започне од страна на полицијата, затоа може да се каже дека таа е покренувач. Тоа е така поради големиот дијапазон на права, обврски и овластувања во постапката за откривање на кривичните дела и извршителите, меѓу кои се истакнуваат: известување на јавниот обвинител за постоење на основи на сомнение дека е извршено кривично дело во законски пропишаниот рок; преземање на потребните мерки за откривање на извршителот на кривичното дело, да се спречи сокривање и бегство на осомниченото лице и соучесникот; да се пронајдат и сочуваат трагите од кривичното дело и предметите кои можат да послужат како докази; да се соберат сите информации кои можат да бидат корисни во кривичната постапка и друго.[75]

Па така, во текот на кривичната постапка полициските службеници ги имаат следните должности:

- Да собираат информации од лица;
- Да извршат преглед на возила, патници и багаж;
- Да го ограничат движењето на одреден простор за време кое е потребно да се изврши одредено дејствие;
- Да се преземат потребните мерки во врска со утврдувањето на идентитетот на лица и предмети;
- Да распишат потерница за лица и предмети за кои се трага;
- Во присуство на одговорното лице, да извршат пребарување во одреден објект и простории на државните органи, јавни претпријатија и установи, да извршат увид во одредена нивна документација; да преземат други потребни мерки и дејствија.[76]

[75] Чл.218, Закон за кривична постапка на Босна и Херцеговина
[76] Чл. 219, Закон за кривична постапка на Босна и Херцеговина

Со цел да се подобри истрагата во кривично-правниот систем на Босна и Херцеговина, потребно е усовршувањето на постоечката обвинителска истрага во спроведувањето на истражната постапка на принципите на важечките процесни решенија, особено во правецот на развивање начин и модел на координирано делување на јавниот обвинител со полициските структури на ефикасното спроведување на истрагата (соработка на полицијата и обвинителот во истражната постапка).

Исто така, потребно е усовршување на процесните решенија, поточно измени на делови од законот кои се однесуваат на обвинителската истрага што би овозможило практичното спроведување на законите (поедноставување на процедурата и друго).[77]

Потешкотиите кои наидуваат во новиот модел на кривичната постапка во Босна и Херцеговина не треба да бидат причина за враќање на поранешниот начин на функционирање на субјектите. Од исклучителна важност е водењето на истрагата од јавниот обвинител, што и понатаму гарантира можност обвинителот да го преземе теретот на одговорноста за целата таа кривична постапка.

Според тоа, позицијата на обвинителот овозможува тој да одлучува со полн капацитет за кривичното гонење, да прибира докази и за тоа да одлучува, истите да ги собира брзо и ефикасно и одговорноста не може да се префрла на кој било друг субјект во процесното кривично гонење, што беше случај во поранешниот систем на кривичната постапка во Босна и Херцеговина.

4.2 Република Хрватска

Република Хрватска со измените на кривичната постапка го отстранува истражниот судија во претходната постапка, со што раководната функција му ја дава на јавниот обвинител. Ваквата промена во Хрватска е само формална затоа што собраните докази во истрагата на чело со јавниот обвинител имаат исто таква важност како и пред тоа, односно тие докази имаат голема важност и влијание на судската расправа. Исто како и во

[77] Slavo Lakić, Iskustva i uočeni problemi u primjeni tužilačke istrage u BiH, Tužilačka istraga - regionalna krivičnoprocesna zakonodavstva i iskustva u primeni, стр. 105

претходниот модел на кривичната постапка во Република Хрватска остануваат огромен број на одредби кои ја уредуваат истрагата и доказните дејствија, со што се потенцира важноста на тогаш прибраните докази.

Според тоа, многу автори сметаат дека Република Хрватска западнала во замка со ваквата формална замена на судската истрага со обвинителска, затоа што ја нема рамноправноста на странките при изведувањето на доказите на главната расправа, исто така ја доведува во прашање релевантноста на доказите. Полицијата не може да ги испитува граѓаните во својство на обвинет, сведок или вештак, но полицијата во текот на истрагата има право да сослушува лица и нивните искази да се снимаат, а снимените разговори да се користат како доказ во понатамошната постапка.

Па така по налог на државниот јавен обвинител полицијата може да спроведе истражни дејствија и пред започнување на обвинителската истрага, кога е неопходно тие истражни дејствија да се преземат веднаш.[78]

Исто така, доколку сторителот на кривичното дело не е познат и ако постои опасност од одлагање и кога е неопходно за откривање на сторителот, полицијата како и државниот обвинител може да ги испрашува сведоците.[79]

Според тоа, можеме да заклучиме де не е дефинирана улогата на таканаречениот полициски инспектор во истражната постапка, односно дали тој треба да води полициска истрага, или пак, да презема и обвинителски задолженија, така што на некој начин би претставувал помошник на јавниот обвинител. Оваа дилема за односот помеѓу полицијата и јавниот обвинител е поради тоа што е дадена можност покрај јавниот обвинител, доказните дејствија да ги презема и полицискиот инспектор. Ваквите дејствија полицискиот инспектор (истражител) ги врши по претходно дадена доверба од надлежниот јавен обвинител.

[78] Чл. 213, од Законот за кривична постапка на Р Хрватска
[79] Чл. 214, од Законот за кривична постапка на Р Хрватска

Полициските истражувања во Хрватска се под надзор на државниот јавен обвинител којшто ја води истрагата, но во пракса не значи дека раководната улога во истрагата ќе ја има државниот обвинител.

4.3. Република Словенија

Во претходната постапка на Словенија се поставени норми кои систематично ги дефинираат правата и должностите на полицијата како орган за откривање на кривичните дела и нивните извршители, јавниот обвинител е еден од субјектите во кривичната постапка и гарант на законитоста во претходната постапка.[80]

Законот за кривична постапка на Република Словенија пропишува дека полицијата е должна да преземе сè што е потребно за да го открие извршителот на кривичното дело, извршителот и соучесникот да не се сокријат или побегнат, да се откријат и осигураат трагите од кривичното дело и предметите кои би можеле да служат како доказ и да се соберат сите информации кои би се користеле за успешно спроведување на кривичната постапка.[81]

Според тоа, полицијата за да може да ги изврши тие задачи, може:

- Да побара потребни информации од лица;
- Да изврши преглед на возила, патници и облека;
- За неопходно време да го ограничи движењето на одредено место;
- Да преземе сè што е потребно во врска со утврдување на идентитетот на лицата и предметите;
- Да распише потерница за лица и предмети по кои се трага;
- Во присуство на одговорни лица да изврши преглед на одредени објекти и простории на фирми и други правни лица и да ја прегледа нивната документација;
- Да започне и преземе сè друго што е потребно.

[80] Fišer, Z. (2002). Zakon o kazenskem postopku z uvodnim komentarjem, Uradni list Republike Slovenije, str. 56, Ljubljana.
[81] Чл. 148 ст.1 од Законот за кривична постапка на Р Словенија

Според тоа, за сè она коешто може да биде значајно во кривичната постапка, како и за предметите кои ќе бидат пронајдени и одземени, полицијата треба да изготви записник или службена белешка.[82] Наведените работи полицијата може да ги изврши врз основа на најниските доказни стандарди, што е причина за сомневање дека е сторено кривично дело.[83] Кога полицијата ќе констатира дека извршителот на кривичното дело, односно, на кој начин и кога било извршено кривичното дело, истражувањето ќе се фокусира на конкретно лице. Се мисли на високите доказни стандарди кои го оправдуваат сомневањето дека конретното лице е извршител на кривично дело.[84]

Па така, кога се исполнети условите на овој кривично-правен стандард, полицијата може да го сослуша осомничениот по правилата кои важат за обвинето лице.[85] Исто така, осомничениот треба да се фотографира и да му се земат отисоци од прстите и брис од усната шуплина,[86] и да се изведе полиграфски тест.[87]

Кога во постапката на докажување со високи стандарди по Законот за кривична постапка е исполнета причината за сомневање дека лицето го извршило кривичното дело, на полицијата ѝ се даваат овластувања кои директно влијаат на основните човекови слободи и права уште пред почетокот на истрагата.

На полицијата ѝ се даваат овластувања да употребува прикриени истражни мерки, осомничениот да го задржи и да изврши претрес во домот на осомничениот.[88]

Во овој дел новост, поврзана со доказните стандарди за цврстата причина за сомневање дека лицето извршило кривично дело, е по влегувањето на Словенија во кругот на држави во кои се изведува Шенгенскиот систем на контрола на границата, можноста да

[82] Чл. 148 ст.2 од Законот за кривична постапка на Р Словенија
[83] Dežman, Z., Erbežnik, A. (2003). Krivično procesno pravo Republike Slovenije. GV založba, Ljubljana,. – Fišer, (2002), Z., Zakon o kazenskem postopku z uvodnim komentarjem, Uradni list Republike Slovenije, str. 56, Ljubljana
[84] Mozetič, P. (2007). Normativna podlaga policijskega dela: sistem dokaznih standardov v (pred)kazenskem postopku, v. (Matjaž Jager, Katja Šugman, Primož Gorkič): Policija, državni tožilci in uspešnost preiskovanja kaznivih dejanj: izbrani pravni in sistemski vidiki, Inštitut za kriminologijo pri Pravni fakultet Ljubljana, str. 24–56
[85] Чл. 48а, став 2 Закон за кривична постапка на Р Словенија
[86] Чл. 149, став 2 и 3 Закон за кривична постапка на Р Словенија
[87] Полиграфскиот тест може да се искористи само во преткривичната постапка, значи во случај на истражните дејствија, а не во други полициски постапувања
[88] Чл. 164, став1 Закон за кривична постапка на Р Словенија

распишува прикриено евидентирање и вршење контрола, која се внесува во Шенгенскиот информациски систем.[89]

Според тоа, полицијата по службена должност работи на откривање на кривичните дела и нивните извршители. Од друга страна, полицијата е многу автономна во одлучувањата и организацијата на својата работа, па и во методот на откривање на кривичните дела и во осигурувањето на трагите кои би можеле да служат како доказ во кривичната постапка. Успехот на преткривичната постапка, квалитетот на собраните информации и материјални докази зависат исклучиво од полицијата. Во предметите со тешки кривични дела на подрачјето на организираниот криминал и корупција, во започнатите финансиски истраги и во многу други потешки облици на криминал, успехот на преткривичната постапка зависи од квалитетот на мултидисциплинарната соработка помеѓу полицијата, Јавното обвинителство и другите институции кои се вклучени во тој процес.[90]

4.4. Република Италија

Во кривичната постапка на Република Италија полицијата која ја има на располагање јавниот обвинител се нарекува правосудна полиција, а во неа влегуваат вработени од Министерството за внатрешни работи, вработени од Министерството за одбрана, како и вработени од Министерството за финансии. Независно од тоа од кое министерство доаѓаат членовите на правосудната полиција, тие работат под раководство на Републичките обвинителства и нивна законска должност е веднаш по приемот на кривичните пријави да вршат истраги.[91]

Јавните обвинителства имаат основано посебни Оддели за правосудната полиција, во чиј состав влегуваат вработени од претходно наведените министерства. Над овие

[89] Mozetič, P. (2007). Normativna podlaga policijskega dela: sistem dokaznih standardov v (pred)kazenskem postupku. (Matjaž Jager, Katja Šugman, Primož Gorkič): Policija, državni tožilci in uspešnost preiskovanja kaznivih dejanj: izbrani pravni in sistemski vidiki, Inštitut za kriminologijo pri Pravni fakultet Ljubljana
[90] Aleksander Jevšek, Policijska iskustva u sprovođenju istrage u Sloveniji
[91] Чл. 56 од Законот за кривична постапка на Италија

вработени надзор врши јавниот обвинител, без негово одобрение не може да бидат повлечени членовите на правосудната полиција во министерствата од каде што потекнуваат. Што се однесува до бројот на полицајците во овие оддели, истиот не смее да биде двапати помал од вкупниот број на судии и јавни обвинители во судот. Дејствувањето на членовите на правосудната полиција во Италија е строго контролирано и по наредба на јавниот обвнител, освен во исклучителни и итни случаи полицијата дејствува самостојно, со цел да го спречи губењето на докази.[92]

Според тоа, можеме да заклучиме дека главни субјекти во претходната постапка во Република Италија се:

- Јавниот обвинител;
- Правосудната полиција;
- Судијата на претходните истраги.

Со тоа што на јавниот обвинител му е овозможено да раководи со правосудната полиција, додека пак полицијата може да дејствува и по поднесувањето на кривичната пријава, пропишано во Законот за кривична постапка, како и под раководство на јавниот обвинител.[93]

Поднесувањето на кривичната пријава од страна на полицијата до Јавното обвинителство, се користи како средство од кое се дознава за сторено кривично дело и како воведно дејствие на претходните истраги. Па така, во содржината на кривичната пријава се прикажува секое известување за кривичното дело кое го примила правосудната полиција и кое содржи податоци за дејствието што има обележје на кривичното дело. Во неа мора да бидат содржани основните елементи на кривичното дело, да се наведе денот на приемот и веќе познатите извори на докази. Во Јавното обвинителство се води регистар на примени кривични пријави.

[92] A. Perrodet, The Italian system, M.Delmas-Marty/J.R. Spenser (Eds.) European Criminal Procedures, Cambridge, ,стр.348
[93] Член 327 од Законот за кривична постапка на Р Италија

Според тоа, полицијата без одлагање по приемот на кривичната пријава има обврска писмено да го извести јавниот обвинител за основните елементи на делото, како и добиените податоци во врска со пријавеното кривично дело. Задолжително ги наведува и преземените дејствија за кои има составено службени белешки. Известувањето може да биде усно само во случај кога е неопходно итно постапување поради околностите, пред сè поради тежината на кривичното дело и можноста на уништување на доказите. Сепак, по ова усно известување мора да следува писмено известување.

Пријавата која ја поднесува Полицијата до Јавното обвинителство мора да ги содржи сите податоци со кои располага полицијата во врска со кривичното дело и осомниченото лице. Полицијата и понатаму продолжува со истражните дејствија со цел собирање на дополнителни докази и сè она што би било во корист во понатамошната кривична постапка.[94]

Јавниот обвинител откако ќе се вклучи во истрагата ѝ дозволува на полицијата да спроведува дејствија, но покрај постапувањето по наредба на јавниот обвинител, полицијата применувајќи ги своите овластувања, презема дејствија по нејзина иницијатива кои се од корист за истрагата, за што е должна веднаш да го извести јавниот обвинител. Во случај на апсење или задржување, правосудната полиција има обврска веднаш да го извести јавниот обвинител за лицето лишено од слобода и задржано, покрај тоа има обврска да му го стави на располагање.[95]

4.5. Сојузна Република Германија

Во Сојузна Република Германија полицијата претставува еден од субјектите во кривичната постапка. Таа е меѓу првите земји во Европа која го укина истражниот судија во постапката. Уставот во СР Германија овозможува сојузните покраини да ги организираат полициските сили. Додека пак, на централно ниво Сојузната Влада ја дава

[94] Чл. 55 од Законот за кривична постапка на Р. Италија
[95] Гордана Лажетиќ-Бужаровска, Гордан Калајџиев, Бобан Мисоски, Дивна Илиќ (2011). Компаративно казнено процесно право, Скопје, стр.147-148

можноста за создавање определени тела, како што е граничната полиција и државната безбедност. Преку Сојузната Канцеларија за криминалитет се обезбедува соработка меѓу Федерацијата и Покраините. Покраинските полиции се делат на две категории, во зависност од мерките кои им се дозволени за преземање на дејствија за време на истрагата.

Полициските службеници познати како „истражители на јавниот обвинител“ (Ermittlungspersonen der Staatsanwaltschaft) покрај традиционалните овластувања кои ги имаат сите полициски службеници, имаат и натамошни овластувања за дејствијата на процесната принуда во итни предмети (како што е претрес, одземање предмети, земање крв и сл.).[96] Претходната постапка може да биде поведена од полицијата, како и од јавниот обвинител. Иако теоретски е наведено дека претходната истрага треба да ја започне јавниот обвинител, сепак во пракса тоа е поинаку, полицијата е таа што ја прима и ја решава кривичната пријава, а на јавниот обвинител му го доставува целокупниот материјал од истражните дејствија, односно добиените информации од земените искази и пронајдените докази. Со претходната постапка во СР Германија, полицијата обезбедува докази за постоење на кривично дело и докази против осомниченият, со што би се овозможило кривично гонење.

Па така, врз основа на тие докази, јавниот обвинител донесува решение дали ќе ја отфрли кривичната пријава или ќе покрене обвинение против осомниченият.[97] За време на главната расправа доказите се изведуваат од почеток, што значи судот врши повторна фактичка истрага на самата главна расправа. Целата поделба на овластуањата на субјектите во кривична постапка во СР Германија е со закон прецизно уредена. Јавниот обвинител раководи со истражните постапки. Полицијата нему му одговара за преземените дејствија во текот на истрагата, што значи треба да му помага на јавниот обвинител, но во пракса полицијата е таа што речиси целосно ги спроведува истрагите. На полицијата ѝ е дозволено да интервенира по своја иницијатива и има должност да ги почитува упатствата од јавниот обвинител. Поради итноста, јавниот обвинител или

[96] Д. Крапац, Стратегија за реформа на казненото право на РМ
[97] Гордана Лажетиќ-Бужаровска, Гордан Калајџиев, Бобан Мисоски, Дивна Илиќ, (2011). Компаративно казнено процесно право, Скопје, стр.99-100

полицијата можат да наложат мерка или самите да издадат налог во случај на итност, но таквата мерка во најкраток рок мора да биде потврдена од страна на судија.

Според тоа, судијата во претходната постапка по добиеното образложено барање од страна на јавниот обвинител, коешто е поткрепено со законски основи, треба да издаде налог за мерката процесна принуда. Мерките кои ги преземаат полицијата и јавниот обвинител во итност, без налог од судијата на претходна постапка, се:

- Телесен преглед на лицето;
- Одземање предмети;
- Претрес на компјутери;
- Одземање пошта и пресретнување телекомуникации;
- Видео снимање и аудио следење на приватната комуникација на обвинетиот надвор од станот или од просториите по пат на технички уреди;
- Претрес;
- Контрола на патниот сообраќај;
- Примена на прикриени истражители.

4.6. Република Франција

Во францускиот модел на кривината постапка, полицијата се нарекува судска полиција. Судската полиција е составена од вработени во националната полиција и жандермеријата. Членовите на судската полиција можат да преземаат истражни дејствија самоиницијативно, како и по наредба издадена од јавниот обвинител. Во зависност од тежината на кривичните дела, направена е поделба на степенот на посебни овластувања кои треба да ги применуваат припадниците на судската полиција.[98]

Таканаречените офицери имаат најшироки овластувања, тие можат самостојно да гонат кога се работи за флагрантни кривични дела. На нив законот им овозможува самостојно да наредуваат задржување на осомничените лица во текот на истрагата.

[98] Од член 16, до член 21 од Законот за кривична постапка на Р Франција

Пониско хиерархиски од офицерите се поставени агентите, кои пак имаат повеќе овластувања од помошниците агенти, на кои во никој случај не им е дозволено самостојно да преземат истражни дејствија. Од страна на министерот за правда се назначуваат припадниците на судската полиција, а со нив раководи главниот јавен обвинител. Тоа значи дека судската полиција одговара пред главниот јавен обвинител за својата работа во претходната постапка.[99]

Во моделот на кривичната постапка на Република Франција претходната постапка претставува полициска истражна дејност.[100] Полицијата во претходната постапка треба да обезбеди доволно докази врз основа на кои јавниот обвинител би можел да преземе казнено гонење. Дејствијата во оваа фаза на постапката се преземаат на крајно конспиративерн начин. Во овој стадиум од кривичната постапката не постои рочиште.

Законот за кривична постапка во Република Франција претходната постапка ја има поделено на две постапки:

- Прелиминарна постапка;
- Постапка во флагрантни случаи.

Според тоа, полициските истражни постапки ја опфаќаат прелиминарната постапка, додека пак остапката за флагрантните случаи е временски лимитирана и нејзиното применување е само за сторено кривично дело каде е затекнат извршителот на местото на настанот и во случај кога е познат на јавноста, а воедно се наоѓа во близина од местото каде го и извршил кривичното дело и кај него се пронајдени предмети кои потекнуваат од извршеното кривично дело.[101]

Не постои разлика при преземањето на дејствија, како што се: земање на изјави, задржување на лицата и вештачења, во однос на тоа дали овие дејствија се преземаат во текот на прелиминарната постапка или во постапката на флагрантни случаи. Пред сè,

[99] B. McKillop, Police court justice in France: investigations and hearings in ten cases in the tribunal de police, Univerity Sydney Law Review, 2002, стр. 2
[100] Mack, R. L. (2008). Comparative Criminal Procedure: History, Process and Case Studies, William S. Hein & Co.,Inc Buffalo,New York, стр. 227 и 231
[101] Член 53 од Законот за кривична постапка на Р Франција

најважно е при преземањето на дејствијата во претходната постапка да се почитуваат човековите права и слободи на лицата против кои се преземаат овие дејствија.

Во Република Франција полицијата има право да поднесе обвинение по претходна согласност од надлежниот јавен обвинител, кога се работи за кривично дело коешто системот го категоризира од среден степен, односно престап. Независно од категоријата на кривичното дело, односно кој ќе поднесува обвинение, полицијата е должна да собере доволно докази коишто ќе го докажат постоењето на кривичното дело, како и вината на осомничениот.

4.7. Велика Британија

Карактеристика на англискиот кривично-правен систем е стабилноста. Тој воедно е еден од најстарите системи во светот.[102] Сепак, во последните децении се случуваат значајни промени, почнувајќи од надлежноста за кривичното гонење, која од полицијата преминува во посебна служба таканаречена „Крунска служба за кривично гонење“, која е основана во 1986 година. Кривичната постапка во Белика Британија се уредува со Законот за кривична правда (Criminal Justice Act), кој е донесен во 2005 година.

Исто така, кривичната постапка дополнително ја уредуваат: Законот за полиција и за докази во кривичната постапка (Police and Crime Evidence Act - PACE), Законот за крунската обвинителска служба (Act on Crown Prosecutorial Service CPS), Законот за гаранција (The Bail Act).[103] Процесните дејствија во англиската кривична постапка почнуваат по откривањето дека е сторено кривично дело и утврдувањето на идентитетот на сторителот, по што следува некоја идентификација и обвинение против него.

Целта на извидите е да се открие и да се приберат доволно информации за постоење на кривичното дело. Исто така, да се соберат доволно докази против сторителот

[102] Ashworth, A. (2000). Developments in the Public Prosecutor's Offi ce in England and Wa-les. European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, Vol. 8/3 , str. 257.–282
[103] Bradley, Craig, M., ed. (2007). Criminal Procedure, A Worldwide Study, Carolina Academic Press, стр.150

кои ќе овозможат кривично гонење и започнување на кривична постапка.[104] На овој начин се покажува компактноста на криминалистичките полициски извиди и дејствијата кои се преземаат за докажување на кривичните дела, односно ја нема формалната поделба на овие две фази. Полицијата е таа која во најголем дел ги прибира доказите, по пат на добивање на информации за кривичното дело од страна на жртвата или оштетеното лице, доколку сторителот е фатен при вршењето на кривичното дело, доколку осомничениот признае дека го сторил кривичното дело и доколку неговиот идентитет се открие по пат на анализа и вештачење на доказите.

Исто така, во оваа фаза на постапката полицијата презема повеќе истражни дејствија, со цел да ја докаже вината на сторителот, како што е сослушувањето на сведоци. Не помалку е важен начинот на кој е дојдено до доказите, затоа што секој доказ кој е добиен на незаконит начин може да биде одбиен од судот, односно негиран во понатамошната постапка.

Полицијата во Велика Британија за да ја оствари основната цел во оваа фаза на кривичната постапка, нормално е да ги користи поексплицитните овластувања, како што се: вршење претрес на лица, одземање предмети, се разбира кога е потребно може осомничениот да го лиши од слобода. Па така, при одземањето на предмети најчесто на полицијата ѝ е потребен посебен налог, освен во случај кога предметите се пронајдени и одземени при вршење на претрес за кој нормално треба да се поседува налог. Предметите може да бидат одземени и без претходно добиен налог, во случај на итност, кога се откриени како резултат на неодложна и итна полициска интервенција.

Во случаите кога се одзема правото на слободно движење на осомничениот, во Велика Британија се применуваат различни начини на лишување од слобода и задржување. Најприменувано е краткотрајното лишување кое не е подолго од 6 часа, за кое време се проверува алибито на осомничениот. Во случај кога задржувањето трае подолго, тоа треба да се спроведе во полициски станици, каде е дозволено и овозможено задржувањето. Полицискиот службеник за прифат е должен да му ги соопшти правата на задржаното лице, пред сè правото на бранител и можноста за информирање на неговите

[104] Datzer, Deljkić (2014). Policijski izvidi u Engleskoj i Walesu Polic. sigur. Zagreb, 23, broj 1., str. 44

најблиски, како и другите права. Ваквото лишување и задржување во полициските станици се спроведува без претходно добиен судски налог. Во полициската станица осомниченият не може да биде задржан повеќе од 24 часа, освен во случај кога се работи за потешки кривични дела, за кои е неопходно задржувањето максимум да трае уште дополнителни 12 часа со цел да се прибават нови докази против осомниченият додека тој е во полициска станица. Ова дополнително задржување треба да е основано и во случај на сериозна истрага во која постои опасност од влијание на осомниченият при собирањето на докази против него ако е на слобода. Доколку и по завршувањето на овие 36 часа полицијата има потреба од задржување на осомниченият, ќе мора да се обрати од Магистратскиот суд во текот на работното време, каде би требало да ја образложи оправданоста на задржувањето и веројатноста на пронаоѓање на докази во наредниот временски период, додека осомниченият е задржан, а кој период не може да биде повеќе од 6 часа. Полицаецот за прифат е задолжен за заштита на правата на осомниченият од каква било евентуална злоупотреба во текот на периодот поминат на осомниченият во полициската станица.[105]

Во најголем дел криминалистичките истражувања во Велика Британија ги врши полицијата, најчесто и кривичните дела се пријавуваат во оваа институција, што понатаму значи дека нејзина задача е да го открие извршителот и да ги осигура доказите за докажување на неговата кривица. За правилно извршување на криминалистичко оперативните дејствија полициските службеници треба континуирано да ја пратат правната регулатива, која се уредува во повеќе закони и подзаконски акти.[106]

Според тоа, најважни правни акти за полициските службеници во Велика Британија се: Законот за полиција и Законот за кривична постапка од 1984 година (eng. Police and Criminal Evidence Act), Законот за кривично правосудство и јавен ред од 1994 година (eng. Criminal Justice and Public Order Act), Законот за кривична постапка и истрага

[105] Гордана Лажетиќ-Бужаровска, Гордан Калајџиев, Бобан Мисоски, Дивна Илиќ (2011). Компаративно казнено процесно право, Скопје, стр.78

[106] Roberts, P. (2007). Law and criminal investigation. U T. Newburn, T. Williamson, & A. Wright, Handbook of Criminal Investigation (str. 92.-146.). Cullompton.Devon: Willan Publishing

од 1996 година (eng. Criminal Procedure and Investigation Act), Закон за уредување на истражните овластувања од 2000 година (eng. Regulation of Investigatory Powers Act).[107]

Самото преземањето на истражни активности во врска со кривично дело е веднаш по дознавањето кое може да биде од различни извори: од службени пријави, анонимни пријави, од јавно говорење итн. Полицијата и службата на Крунското обвинителство се одвоени институции. Крунските обвинители само одлучуваат за случаи кои му се предочуваат (кои ги поднесува полицијата или некое друго лице или институција). Обвинителска служба не може да иницира истрага, ниту пак да ѝ издава наредби и насоки на полицијата, при преземањето на истражни дејствија во истрагата.[108]

Според тоа, започнувањето на истрагата во Велика Британија не е дефинирано, односно не е посочено нивото на сомневање за да се започне истрага.[109] Кога се работи за полициските овластувања и дејствија, тие се законски уредени за тоа кое ниво е потребно за нивно применување. Додека при примената на проактивните методи од страна на полицијата, во минатото правниот систем во Велика Британија спокојно се однесуваше.[110]

Сепак во последните години сè почесто од полицијата се бараат правилно стекнати докази кои треба да ја осигураат кривичната пријава.

[107] Datzer, Deljkić (2014). Policijski izvidi u Engleskoj i Walesu Polic. sigur. Zagreb, godina 23, broj 1., str. 45
[108] Ashworth, A. (2000). Developments in the Public Prosecutor's Offi ce in England and Wa-les. European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, Vol. 8/3 , str. 257.–282
[109] Huber, B., & Klumpe, B. (1993). Landesbericht England und Wales. U W. Gropp, Beson-dere Ermittlungsmaßnahmen zur Bekämpfung der Organisierten Kriminalität. str. 211.-301
[110] Roberts, P. (2007). Law and criminal investigation. U T. Newburn, T. Williamson, & A. Wright, Handbook of Criminal Investigation,str. 99


ГЛАВА 5

ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ


Истражувањето е спроведено на репрезентативен број од 264 испитаници кои се припадници на различни организациони единици во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Анкетирани се полициски службеници од Секторот за внатрешни работи – Скопје, Сектор за внатрешни работи – Куманово, Сектор за внатрешни работи Тетово, Сектор за внатрешни работи – Велес, Сектор за внатрешни работи – Штип, Сектор за внатрешни работи Струмица, Сектор за внатрешни работи Битола, Секторот за внатрешни работи – Охрид. Испитаниците се со различен степен на образование и на различна возраст и со различен чин. Овие испитаници се анкетирани во текот на месец октомври 2021 год. (анкетен прашалник во прилог 1) на претходно наведените локации каде што се наоѓаат и самите организациони единици на Министерството за внатрешни работи.

При анализата на анкетниот прашалник (анкетен прашалник во Прилог 1) добиени се следните резултати:


Од сите 264 испитаници, 183 од испитаниците се од машки пол, додека 81 испитаници се од женски пол. На возраст до 30 години се 139 испитаници, на возраст од 30 до 40 години се 91 испитаник, додека на возраст над 40 години се 34 испитаници. Кога станува збор за степенот на образование, 177 испитаници се со средно образование, 74 испитаници се со високо образование, со магистратура се 11 испитаници, додека само 2 испитаници се со докторски студии. Под „друго“ во делот на образование нема ниту еден испитаник. Сликовито претставено, тоа изгледа вака:



Хистограм бр.1: Илустрација во однос на пол




Хистограм бр. 2: Илустрација во однос на возраст




Хистограм бр.2: Илустрација во однос на степен на образование

На првото тврдење: **„Полицијата игра важна и клучна улога во кривичната постапка“,** од вкупно 264 испитаници со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 13 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 6 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 30 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 83 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 132 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти, изгледа вака:




Хистограм бр.4: Одговори на прашање бр.1

На второто тврдење: **„Полицијата во најголем број случаи прва дознава за постоењето на кривично дело“,** од вкупно 264 испитаници со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 15 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 23 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 25 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 81 испитаник. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 120 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.5: Одговори на прашање бр.2

На третото тврдење: **„Полицијата презема дејствија за докажување и расветлување на секое кривично дело“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 14 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 22 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 22 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 102 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 104 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.6: Одговори на прашање бр.3

На четвртото тврдење: **„Јавниот обвинител треба да има поголема контрола над полицијата“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 12 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 14 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 25 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 75 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 138 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.7: Одговори на прашање бр.4

На петтото тврдење: **„Полицијата може да постапува на сопствена иницијатива“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 3 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 10 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 37 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 88 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 126 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.8: Одговори на прашање бр.5

На шестото тврдење: **„Полицијата секогаш е во тесна соработка со Јавното обвинителство“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 14 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 29 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 12 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 96 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 113 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.9: Одговори на прашање бр.6

На седмото тврдење: **„Полицијата е главната алатка на јавниот обвинител во текот на истражните дејствија“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 5 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 18 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 24 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 107 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 110 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.10: Одговори на прашање бр.7

На осмото тврдење: **„На јавниот обвинител му е овозможено да господари со истрагата“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 2 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 6 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 36 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 103 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 117 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.11: Одговори на прашање бр.8

На деветтото тврдење: **„Полицијата е должна да го известува јавниот обвинител за преземените мерки и активности“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 0 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 0 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 28 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 99 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 137 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.12: Одговори на прашање бр.9

На десеттото тврдење: **„Полицијата е должна да постапува по насоките кои ги добива од јавниот обвинител“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 0 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 6 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 31 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 135 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 92 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.13: Одговори на прашање бр.10

На единаесеттото тврдење: **„Полицијата и јавниот обвинител треба секогаш координирано да постапуваат“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 7 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 2 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 25 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 114 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 116 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.14: Одговори на прашање бр.11

На дванаесеттото тврдење: **„Дејствијата кои ги презема полицијата во предистражната постапка не се формални истражни дејствија“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 3 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 3 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 38 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 101 испитаник. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 119 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.15: Одговори на прашање бр.12

На тринаесеттото тврдење: **„Успешноста на истрагата најмногу зависи од работењето на полицијата“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 4 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 21 испитаник. Со 3 (се согласувам) одговориле 33 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 84 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 122 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.16: Одговори на прашање бр.13

На четиринаесеттото тврдење: **„Самоиницијативноста на полицијата игра важна улога во собирањето на докази“,** од вкупно 264 испитаници, со 1 (воопшто не се согласувам) одговориле 0 испитаници. Со 2 (делумно се согласувам) одговориле 14 испитаници. Со 3 (се согласувам) одговориле 26 испитаници. Со 4 (значително се согласувам) одговориле 110 испитаници. Со 5 (целосно се согласувам) одговориле 114 испитаници. Тоа сликовито и изразено во проценти изгледа вака:




Хистограм бр.17: Одговори на прашање бр.14

